СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 ноември 1991 година

Скопје, ноември 1991 година

**ДИСКУТАНТИ НА 25-ТА СЕДНИЦА- II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 15.XI.1991 година**

1. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД - 74
2. АЛИУ ЕШТРЕФ – 83. 95, 101
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 11
4. АНДОВ СТОЈАН – 18, 57, 59, 62
5. АРСОВ ДРАГИ - 52
6. АРСОВСКИ БРАНКО - 25
7. БОШКОВ ЈОРДАН – 66, 137, 139
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 49, 96
9. ГЛИГОРОВ КИРО - 35
10. ГОШЕВ ПЕТАР - 1
11. ЗИБЕРИ НАСР – 56, 110
12. ИВАНОВ ЉУЉУБОСАВ - 48
13. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 61
14. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 6
15. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 86
16. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 71
17. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 101
18. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 28, 96
19. КИТАНОВСКИ - експертна група - 142
20. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 61, 120
21. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 138, 144
22. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 68, 139
23. ПЕТРОВ ТОДОР – 62, 65, 104, 129, 143
24. ПОПОВСКИ КИРО - 81
25. ПРЕВАЛА ШАБАН - 88
26. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 91, 102, 115
27. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 78, 93, 126
28. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 136
29. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 9, 116, 117
30. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН – 76, 90
31. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 121
32. ФАЗЛИУ АГИМ - 69
33. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 19
34. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ – 19, 73
35. ХАЛИЛИ МУХАМЕТ - 60
36. ЏАФЕРИ НЕЏАТИ - 77
37. ШИКОВСКИ МИЛОВАН – 110 (прозивка)

продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од II-то продолжение на 25-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 15-XI-1991 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија,сала I, со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа-

Расправата по претресот на текстот на Уставот ќе ја започнеме со членот 2.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, во пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз проценуваме дека пред да започне расправата за членот 2, дека треба да се каже нешто друго по повод сите овие настани и ние сакаме да изразиме еден личен протест против еден протест, против сето ова што се случува, против сето ова на кој начин работи првиот повеќепартиски парламент на Македонската држава и сето ова што се случува денеска во Републиката. Јас би ве молел да ме сослушате иако некои можеби веднаш ќе стане и ќе каже ете правиме нов преседан, седницата е закажана, тече итн., но после сето ова што се случува и што не очекува од такви случувања, јас малку помислувам дека некој не е загрижен за сето ова што се случува, малку помислувам дека никој од нас не подзастанува малку и барем малку не размислува каде сето ова не води. Ова што го започнуваме го поттикнуваме со разни учества и придонеси во сето тоа.

По повод ставовите на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и на другите пратенички групи чии определби се на позициите на граѓанскиот концепт на уредување на општествениот живот во Македонија, всушност по повод предлогот на Уставот што го усвои уставната комисија, негде со општа согласност, а некои членови со надгласување, видовме, знаеме како се одвиваше работата, какви квалификации чувме во овој дом на претходната седница. Отсуството на аргументи пред очите на целата јавност беше заменувано со емоции и изрази на тешки навреди за цели парламентарни групи и особено за одделни пратеници. Нивото на расправата го валкаше угледот на овој законодавен дом. Ги дискредитираше новоформираните демократски институции на Републиката, задоволни или незадоволни сите од нив. Им ја одземаше надежта на граѓаните за способноста на својот систем и своите претставници во системот на власта да ги разрешуваат тешките проблеми кои се резултат на секогаш присутните породилни маки на цивилизацискиот развој, но и на нашите денециски присутни идеолошки заблуди од кои не лесно се ослободуваме. Навреди, дисквалификации па и пцовки летаа од сите страни. Пребројувања со предтекст како да се подготвуваат.» полициски досиеја станаа главниот метод на минатата седница или на почетокот на оваа седница. Се инсистираше на легитимирање кое уште сега покажува на што може да се надеваат тие со поинакво мислење ако утре победиме ние на кои не ни се допаѓа вашето мислење. Практично се инсистираше на листи за сегашен и утрешен опстрел, но тоа утре речиси не чекаше да дојде, туку започна.

На група пратеници од Социјалдемократскиот сојуз веднаш по седницата им беше загрозен дури и физичкиот интегрите. Органите за

безбедност и тие купуваат симпатии кај тие што сега може да ги казната или евентуално утре. И тие тргуваат на сметка на правната држава, личната безбедност на граѓаните заради кои се поставени. Така битката за новиот устав се преселува на улиците според методот на господин Милошевиќ "милом или силом, институционално или вонинституционално", се сеќавате на таа чуена реченица од која што започнаа процесите на уличната демократија во Србија, па потоа во Хрватска, во Црна Гора, во Војводина, во Косово, ширум Југославија.

Утредента се закажуваме митинг среде Скопје. Вчера нов жежок емотивен митинг со елементи на романизација на Републиката. Се бара устав, но и таков и таков, или никако поинаков. Се пишуваат транспаренти небаре сме среде изборна кампања, се валкаат имиња и на тие што немаат ништо заедничко со квалификациите што им се изречуваат. Споменатите ни теоретски шанси немаат да си заштитат интегритетот во ваква неправна држава каква што ние денеска имаме. Зборот предавници е главната налепница. Трагичните настани од историјата на македонскиот народ како повторно да шират арома на небиднина за овој народ.

Господа, големосрпската политика сите македонци што не беа за неа ги прогласува за бугари, бугараши, Ванчо Михајловисти. Од памти век било така за жал така е и денес, и таа работи на таа солуција уште. За таков ме нарекоа и мене кога видоа дека немислам со нивната глава и тоа вие сите го знаете. Веднаш се обидоа да ми ја преименуваат мојата националност. Во тоа време најдов и по некој македонец што ќе ми го закачеше името на транспарентот подбуцнат, изманипулиран за наводно погрешните ставови за меѓунационалните односи. Важно беше да го срушат или да ги срушат

тие што не ги слушаат нив, големосрпското раководство.

Големобугарската политика, ќе ја чуете идејата господине претседателе на крај, по истиот терк само обратно свртен сите што не беа за неа ги прогласуваше за Срби или Србомани и така со децении и векови не туркаа од едниот до другиот кош. Од белата рака и од колачите на Ванчо Михајлов страдаа најдобрите синови на македонскиот народ, тие што не сакаа да постапат, да потпаднат под ничие влијание, тие што сакаа слобода, почит, леб, вода и сонце за својот народ. И не е толку страшно што двата од господ подарени соседи се обидуваат да играат пинг понг со нас, со нашиот народ. Страшно што тие успеале во извесна мерка тој зол дух да го пуштат меѓу нас, да трае тоа дури и денес. И денес едни македонци за други да велат дека се србо комунисти, а другите за нив бугараши или бугарски врховисти. Од скоро имаме и трети албански или шиптарски врховисти.

Кога би постоел задгробен живот и кога би постоела врска меѓу задгробниот и световниот убеден сум дека рацете на кољачите на белата рака на платениците на Бугарскиот врховизам и денес во врвовите нивни радосно би ракоплескале бидејќи нивниот зол дух некој к^ко да успеа повторно да го пушта меѓу нас дури и тогаш кога сиот овој народ 95% се изјасни за своја суверена држава. Господа, каде се тие бројни предавници. Зарем не сме научиле ништо од историјата? зарем не сме сфатиле дека таа вековна скарај- владај политика го одложуваат часот на доаѓањето до сопствената држава, таа грозна манипулација со овој измачен, вечно заплашуван народ. И сега ли ќе влеземе во истата замка? Зошто и денес се обидуваме да манипулираме со народот? Зошто не му ги посочиме вистинските опасности за неговата сувереност? Зошто му велиме дека овој

Устав со тоа што се потпира на граѓанскиот концепт е народно анационален. Овој Устав не е анационален, тоа е устав на Република Македонија во која мнозинскиот дел од населението се македонци . Тоа е устав со одредници за неделивост на суверенитетот, за неповредливост на границите, устав за самостојна држава што се вика Република Македонија. Секоја друга концепција што не се потпира на граѓанскиот суверенитет, на народ во целиот свој збир би значела почеток на рушење на Македонија, би значела пат кон поделба на суверенитетот врз колективистичка основа. Секој друг концепт би ја водел македонската држава кон федерализација и конфедерализација, а наскоро потоа кон нејзина нова делба. Таков вид на ризик ниту јас, ниту пратеничката група на која и припаѓам не сме спремни да прифатиме., Таков мандат немаме од нашите избирачи, таков мандат за поделен суверенитет не ни даде ни одржаниот референдум,. Тоа впрочем не му го даде никому од нас без оглед на партиската припадност. Дадена ние е задача да ја заокружиме сувереноста на Република Македонија, да изградиме демократски односи во неа, да создадеме услови за нејзин просперитет. Силата на Македонската држава може да произлегува само од демократски воспоставени односи во неа, од верската и меѓунационалната толеранција, од прогресијата на правата на човекот и граѓанинот многу царства и империи пропаднале но не толку од силата на државите или царствата што ги нападнале или сакале да ги срушат туку од внатрешните разјадувања.

Денешните страдања на српскиот и хрватскиот народ не почнаа поради нападите од надвор, ниту поради ЦИА, ХГБ или не знам кој, почнаа од внатре, почнаа со киселината што сами си ја истурија во својата утроба. Зар и Македонија да ја повтори таа толку преповторувана грешка? зарем не гледаме дека евентуалниот меѓунационален сукоб и Српската политика и

некои други сакаат да го исползуваат за свои планови? Зарем за време на изборите немавме примери, обиди силни да ја прифатиме политиката за меѓунационалните односи каква што денес се води во Србија. Исти организатори од исти места заведуваа млади луѓе за да се нафрлуваат врз политиката на државното достоинство што ја започнавме по X-от конгрес на Сојузот на комунистите на Македонија кој толку сакаме да го валкаме.

Исти организатори со митинзи и навредливи транспаренти има и по овој повод, не сите се разбира, но одделни места и центри се препознатливи. Сакаат ли тие устав, конституирање на Македонската држава, нејзино меѓународно признавање или не? Тоа е централното прашање. Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз бара да бидеме на висина на задачата што ни претстои, бара институционална процедура, демократски парламентарна дебата, бара заштита на интегритетот на секоја личност, функционирање на правната држава.

Господине претседателе на Македонската влада, господо надлежни министри, можна ли е правната дражва кај нас или започнуваат, или продолжуваат партиските бомбашки процеси, тоа треба да го чуеме на денешнава седница.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, изгледа јас ќе морам како господинот Гошев да користам комунистички пароли или комунистички реферати, меѓутоа јас ќе бидам многу пократок отколку тој.

Јас не сум правник, но по мое длабоко убедување е да сега и досега не сум слушнал во печатот за граѓански или за друго, има само демократски устав во кој владее демократијата и почитувањето и во кој не владее демократијата и непочитувањето на демократијата. Не можеме да го обвинуваме уставот оти е конзервативен за ова време ако во себе го

содржи националното обележување на матичниот народ на сопствената држава. Господа пратеници, градите се сеуште модри на голем број политичари и високи раководители во оваа држава, како до вчера ја викавме најсовременото општествено уредување, социјализмот и самоуправувањето и после 45 години се откажавме од социјализмот и самоуправувањето. Да ве потсетам на Швајцарија и нејзините кантони и нејзиното општествено уредување или пак Јапонија која сеуште има на власт император цар или во нашите учебници запишано како феудално општествено уредување. Дали овие земји се недемократски или пак се економски неразвиени што имаат такви општествени уредувања или пак ние кои го имаме зенитот на општествениот развиток го напуштивме тој концепт со најнизок личен стандард и национален доход.

Ако господата пратеници се борат за демократски устав а се заканува со мириси на барут, јас прашувам дали можеме да водиме дијалог за ваква демократија која во ниту една цивилизирана земја не би го толерирал ваквото дрско безобразно заканување од говорница на целата македонска јавност. Некои велат сега пратениците од одредени политички партии не знаат ни три зборови да ги кажат, но господо дали тие исти кои беа половина век на власт кажаа барем три зборови за Македонија. Главна цел им беше ако треба не само тутунот да го носат на рамо во Белград туку и целата македонска земја беа во состојба да ја преместат. За неморал беа некои од зад грб убивани од своите другари, соборци, а некои за тој неморал добиваат високи одликувања. Господо, познаваме династија во Србија Караѓорѓевиќ, а ние не сме покусо од таква династија за на ова парче македонска земја која може да се пофали со династијата која во терца свири многу успешно со еден загрижен народ а сигурно и на

врапчињата им е позната оти се работи за династијата со бојадисано презиме.

Почитувана господо пратеници, виртуозите на мелопациите се брилијантни, впрочем тоа го има признато и најцрниот ѓавол на 20-от век, но како предупредување на една народна поговорка, ѓаволот ќе се ги докине опинците зашто не може на овој напатен и сентиментален народ со племенита душа да му се фрла далтонизам во очите. Еден ден ќе се појави сето на виделина. Долго време во Македонија игра филмот "Багдатски лопов" режирано како во старите добри времиња сите во одбрана и заштита која може да се види од телевизиските екрани. Цело време се повикувате на цивилизираниот свет, читајте што пишува на американскиот долар, да ве потсетам "да ја благослови господ Америка". Впрочем и на народот му е познато народната поговорка "кој со ѓаволот сади тик ви, вглавата му се кршат". Да, возможно е во исто време да се задоволат цивилизираниот свет, да се задоволат апетитите на нашето хаотично заокружување и апетитите на нашите потенцијални народи, а за поставувањето на нашиот македонски народ, господо тој исти цивилизиран свет ќе ве обвини за обезглавена држава и бигамија.

Му ветувавте модерна федерација, се сложивте со самостојна држава. Му ветувавте мир му донесовте гробови, кој на жалост не знаеме колку ќе бидат. Му се ветуваше леб а нема ни корени. Му советувавте девизите да ги ставаат во банка , а го оставивте народот со прстот во уста. Упорно тврдевте дека не сте помали Македонци од другите, и јас се сложувам со вас господо, но и Ченто беше македонец и Лазо е македонец. Народот ќе каже на кои македонци припаѓаме. Оти проблемот во Македонија е класен тоа е факт.

Но, да не му даваме таква конотација, туку да му дадеме демократска, плуралистичка и молете го господ бог кој не го сакате да постојат како нас кои овозможија народот мирно да ги прифати вашите недела за што народот ќе возврати како што посакувате. И на крајот доста изигравате пишман аџија во овие парламентарни клупи.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани граѓани, почитувани пратеници, обидите овој парламент да стекне една униформност, една униформа продолжуваат и понатака. Таквите методи се познати од седниците на Централниот комитет, за жал морам да кажам тука дека човекот во кој до пред три години искрено верував на некој начин со ова денешно излагање ме разочара.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (продолжение)

Емисијата на ТВ што беше пред некој ден и Парламентот каде што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е малцинство, фактички, е опозиција, се претвораат во една судница каде што ние ќе седиме на една оптуженичка клупа, а сите други ќе фрлаат со дрвја и камења по нас.

Мислам дека демократијата од таков тип, ајде да се договорот како што сакам јас, е непримерна. Демократијата или ја има или ја нема. Ако некој мисли поинаку од нас, тоа е негово демократско право. Јас се чудам што има тука што е непримерено. Зошто настојувате и понатаму да не униформирате, да ни ставите униформа, еве овој Парламент мора да гласа како што ќе наложи некојси.

Нафрлањето на бугарштината. Четириесет и пет години антикомунистичките противници кои беа за идејата, за македонската пауза, им се нафрлаше, а и ден денеска му се нафрла бугарштината. Јас мислам на секого му е јасно во оваа наша македонска земја дека ВМРО-ДПМНЕ не е пробугарска партија. Вие на секоја седница, на секое ваше интервју итн. не терате ние да се изјаснуваме дали сме бугарашка партија или не. Па ние тоа децидно го кажавме. Дури и шпиуни ни пуштавте таму на нашиот конгрес, зошто не стоело тоа, иако пред тоа десет пати го кажавме дека не сме бугарашка партија. Каде не води тоа. Тоа се ситни маркетиншки потези на одредена господа кои мислат, ете така, четириесет и пет години го уништувавме антикомунистичкиот непријател со тоа што му лепевме етикети дека е пробугарски настроен итн.

Јас тука не смеам да ја заборавам другарката, како што вие ја викате Вера Ацева, за која исто имав добро мислење, меѓутоа нејзината изјава

дека и невини таму настрадале итн.. Јас не сум правник, но мислам дека е сеуште казниво ако некој невин настрадал, а сите други ги прогласуваат за Ванчо Михајловисти итн.. Престанете еднаш со тоа. Јасно му е на секого веќе во Македонија.

Ние сакаме да донесеме Устав на Република Македонија кој ќе биде општо прифатен во Македонија или за мнозинството. Октроираме, или како да го наречам Устав по така наречен демократски терк во кој што преовладува само една опција, дека само таков Устав може да се донесе и никаков друг, е неодржлива. Затоа постои демократијата, права демократија постои, некој да има различито мислење, не да мислиме сите исто.

Тука јас пред некој ден, за жал немаше дозвола од претседателот на Парламентот да се излезе со реплика,велејќи дека на некој начин седниците ќе се продолжат. Добра му беше таа идеја, меѓутоа слушнав дека македонците потекнуваат од луѓе кои до вчера или сеуште носат кожувчиња. Па јас не се срамам од тоа. Јас и ден денес некогаш ќе го облечам кожувчето. Мило ми е да го носам. Тоа е моето потекло. Меѓутоа, некни бев во Валандово и така со едни луѓе кои исто така носеа кожувчиња во еден разговор дојдов и ми велат - слушајте деца во Парламентот, опамете те се. Така по старски ми велеа, не викаат тие ни господа ни другари. Вика дојде еден човек од Владимирово и некои ластегарски што ги набрале па ни ги донесоа нас во Валандово, па вели пазете што правите да не дојде време да ги употребиме стварно.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Господа пратеници,

Овде малку ќе подзастанам за излагањето на господин Гошев и ми се вртат мислите малку поназад, го враќам филмот во предизборната

кампања. Тогаш инаку се викаше таа партија, јас не сакам ни да ја спомнам.

Зошто сме толку малку во Парламентот од најнационалната партија и тука има аргументи и ќе дојде ден кога ќе испадне тоа на видело. Само сликите на Гошев,не знам дали татко му беше толку богат мајката. Колку средства се потрошени за сликите, за пароли, за предизборната кампања на таа партија. Тоа беа огромни трошоци и ми се чини дека господинот Гошев тоа не можеше да ги оствари од неговите лични примања. Толку за тоа.

Маркетинг за тој народ не се добива со предизборната кампања во Парламентот. Не другари, пратеници, се обраќам до таа партија, затоа што зборот господин за нив е многу оддалечен. Можеби го употребуваат тој збор само со некоја фарса, или со омаловажување спрема другите. За мене така е, пишувајте што сакате. Човек кога ќе излезе пред јавноста треба да знае зошто излегол. Јас слободно шетам, господин Гошев, по улиците и меѓу масите. Таму среќавам луѓе од вашата партија, од другите партии. Верувајте ми до сега никој не ме увредил, а во вашите информативни средства кои уште ги контролирате има напади и против мене и против моите сопатници, или да кажам појасно, против ВМРО-ДПМНЕ. Зошто е тоа така, ве прашувам и ќе ви дадам одма одговор.

Многу пати сме го повторувале тоа дека сите тие средства информативни се во вашите раце. Тоа на нас ни е јасно. Ние одвај пливаме со едно мало весличе "Глас". Но, запомнете добро дека вашите весници, велам ваши затоа што во тие куки седат ваши луѓе, ретко некој, да ми извините, има по демократичен човек кој со мака може да проврe некоја народна статија. И порано нашиот претседател во една прилика а рекол дека 90% од печатот или од објавените статии пофално се изразуваат за

вас, а 5% или помалку за луѓето, за народот а се знае кој е тој народ. Толку за господинот Гошев.

Правна држава ЌЕБС. Се мачиме неколку месеци да бидеме правни луѓе да бидеме вистински луѓе, да бидеме луѓе кои ги создаде господ да живеат еднакво. Меѓутоа, јас немам кондури да купам, а некој се вози во супер луксузни лимузини. Како е ограбена оваа земја и зошто го доведе народот до питачки стап, не сме никој од нас, од оваа страна од половина нагоре што ги гледам виновни и не може да не обвинат за тоа. Господа да го вратите долгот на народот у Ситуацијата во која се наоѓа работникот, земјоделецот, интелектуалецот, ја имаат на врат тие што раководеа 45 години во оваа земја, а вие сте фиданките на тој процес. За жал никогаш не сте рекле ни збор за тој работник. Но, овде ширите филозофии од Кумровец. Ние не сме биле таму и не сакаме да одиме, да не даде господ. Немојте да се смеете господа. Еден ден народот од нас ќе побара сметка. Вие и вашите сопатници станавте акционери со туѓи пари, куќа вила, на ќерка му, на тетка му, на чичко му, на снаа му дуќани. Не може. Тоа не може. Не може затоа што за џабе се мачиме да бидеме демократи и да создадеме правна држава. Можеме да донесеме Устав како што му прилега на Македонскиот народ и никој мене лично не може да ме убеди дека граѓанскиот Устав не може да прејде во ЌЕБС. Еве зошто?

Овие денови размислував и прочитав некои устави, иако не сум правник како вас, затоа што вашите претходници, место да бидам правник, Вера Ацева рече и тој црниот требаше да си оди, да го нема тука. Е не ми дадовте. За жал не ми дадовте да бидам правник, иако бев бистро дете во времето.

Грција има граѓански устав и нека стане еден правник да каже дека таа не е во ЌЕБС и кои национални права уште ги има признато. Во потешка ситуација можеби и Албанија или Бугарија. Бугарија во последно време ги

има нешто таму признато Турците. Каков таков, не ги интересира Европа и Америка, каков Устав ќе му дадеме. Ние сакаме Уставот да биде национален, да биде практичен и правен за Европа да не прими на местото каде треба да бидеме. За жал Америка ќе не признае, Европа ќе не признае, а ние самите не се признаваме. Боже сачувај, држава не можеме да направиме, а тие ќе не признаат. Никој да не не лаже дека ние ќе останеме надвор од Европа. Зошто? Затоа што не сме стигнале на време. Не може сите да стигнат на време. Се рече ако не направиме Устав до вторник не не примаат. Помина тој вторник. Ако не направите до понеделник, не ве примаме. Помина и тој понеделник. Немојте со такви махинации да се служите. Да кажеме јасно и гласно дека треба да се донесе демократски Устав со кој ќе не прифати Европа, ќе се донесе.

Сега да се вратиме малку поназад.

Велиме дека нашата држава се создаваше низ историите, низ вековите, низ неколку востанија итн. Темелите на таа држава се поставија во времето на АСНОМ, кој за жал траеше само неколку месеци можеби паметите вие, пет шест месеци, и тоа угасна. Никој не може да каже дека не е така, за жал.

Сега ќе го донесеме Уставот, но треба, бидејќи реков малку ќе се вратиме назад и затоа се вратив во АСНОМ, и ќе ве молам да знаете една работа. На кого му смета да не биде таа национална држава на Македонскиот народ и зошто, а во тој Устав ќе бидат признати сите права на националните малцинства. Ќе го земеме примерот на другите држави. Да се зборува, за се филозофира, јас, никогаш не пишувам. Не. За да ја зборуваш вистината јас сум рекол треба да имаш нешто во срце, а не многу школо. Школите наши беа затворите. Сега на кого му смета да не биде државата на таа нација која .е мнозинство и која со векови бара да биде признаена како држава. Немојте луѓе да го отуѓувате народот на кого му

припаѓа државата. Сето друго скроено од некои таму филозофи или псевдопрофити лажливи пророци, не е дело. И Устав не се прави со месеци, се собрале експерти, божем ќе прават не знам што таму, ќе летаат на месечината, па си викам мајката овие луѓе викаат експертизи, мекспертизи. Земале 35 устави и сега бараат нешто од таму и го измешале така Уставот што ни господ не може да му најде крај. Значи нашиот народ, Македонскиот народ бара Устав со кој прво ќе биде признат. Ако тоа не го направиме, да му припаѓа нему, не сме направиле ништо.

Сега малку ќе зборувам од името на мојата партија, од името на ВМРО-ДПМНЕ.

Ние уште во програмските цели, односно во нашата програма сме потцртале и програмата јасно и гласно е прочитана низ цела Македонија. Не можеме ние господа ни името да го смениме на нашата партија, ни програмските цели, затоа што ние не сме луѓе од Кумраовец. Ќе биде зло, ќе направиме голем грев, ќе паднеме во испитание, не само ние пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, но ќе го фрлиме во испитание (искушение), можам да ви кажам гласно и јасно, ако не целиот народ, 95% од македонскиот народ.

Вчера, односно завчера гледав една емисија на екранот, отворен екран. Имавме и наш претставник и тука ја гледав вашата пропаст. Да, јас ја гледам во тој екран пропаста на Еврејската Звезда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте со такви изрази кои значат и реминисценција на некои многу мрачни времиња. Ве молам во Собранието да се воздржувате од такви работи.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Баш тие мрачни времиња господин претседателе не треба да ги вратиме и да ги скратиме дискусиите на оние кои сакаат да го вратат тркалото назад.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие добро знаете кој се тие мрачни времиња, кога таа ѕвезда е прогонувана.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ги знам. Ги знам и времињата и ги знам и луѓето кои се закопани околу Скопје, но за тоа во друг случај.

Овде во таа, нека не се увредат ПДП и НДП, во таа емисија јас ги гледав луѓето од ПДП и НДП, со исклучок на Томислав Стевковски. Јас не знаев тие луѓе што тези бранат. Македонија ја бранат, или Македонија ја продаваат.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**:(продолжение)

Госпоѓицата која јас ја ценев во времето затоа што е од една револуционерна фамилија што има загубено дедо, татко и браќа, имаше смелост да рече дека малку ние сме истепале, како Ченто,требаше сите да не сотрат. А тоа е помош на оние мрачни сили кои утре сакаат да не уништат. Таа госпоѓица ужива најголеми привилегии, а една е само, а има стан и била со сите удобства. Нека и е со среќа.

Господинот Гошев се нафрли и врз македонскиот народ на оваа трибина сега пред половина час, за митингот кој го организира македонскиот народ. На тој митинг беа од доста градови и на тој митинг не учествуваше ВМРО господин Гошев. Но на некој начин, да, ќе се смеете и ќе плачете утре затоа што народот бараше заштита од Вас, не од мене. Дојде да ги види своите пратеници. Првин, го бараа Гошев, потоа го бараа господинот претседател на Парламентот, дури имаше повици до господинот претседател на Републиката, бараа и некој министер итн. Но никој од Вас немаше смелост да излезе и да им каже на луѓето што бараат и зошто се собраа тоа време тука. Екцеси немаше никакви. Јас бев присутен до подоцни часови на тој митинг и благодарение на свеста на тој Македонец што му се смееш ти,а не си Македонец и благодарение на полицијата македонска. Никој не излезе да се обрати пред тој народ за жал иако сме пратеници на тој Парламент а избрани од тој народ. Се чудев зошто да нема луѓе. Екцеси немаше никакви. Полицијата конкретно према сите правила кои треба да ги одржува беше коректна. Народот се придржуваше на сите правила за кој дојде. Имаа барања. Тие барања требаше да се донесат и да се достават до господинот Андов. Некои беа револтирани затоа што не ги примаше тие апели, тие барања и ги одбиваше. Сега бидејќи сум присутен тој народ не може да не го прифатиш,

кога те моли за една работа да ни каже што бара и да се пренесе пред овој Парламент. Се слушна оставка на господинот Андов, револтирани можеби од работата можеби од тоа што не ги примаше, тоа е нивна работа, тоа е народ. Се бара да се донесе национален устав како што треба на време, се бараше оставката на Колемишевски и Илиевски затоа што сите знаеме заради тие средства што ги имаат во свои раце со своите публикации не секогаш ги пренесуваат мислењата на луѓето подеднакво кои го претставуваат овој Парламент и ред други работи. Кој каде сме ние треба да се видиме. Јас сум за тоа да се донесе Уставот и да се донесе Устав према барањата што го бараат мнозинството , што го бара Европа, ако сакаме да настапиме демократски, ако сакаме и да кажеме на време да го фатиме возот за Европа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го молам господинот Анастасовски да причека малку овде блиску до говорницата, бидејќи нешто ќе го замолам. Ве молам, во неговиот говор има изречено една реченица, можеби по грешка, рече дека треба еднаш да се прогоне оваа еврејска ѕвезда. Јас ве молам, тоа е времето на фашизмот и повици на фашизмот. Сигурно не мислел господинот Анастасовски така и го молам да' се извини на еврејскиот народ овде, заради изречената грешка.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Се извинувам на еврејскиот народ но таа ѕвезда не е наша национална ѕвезда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се извините на еврејскиот народ за прогонството. Нема да го гониме народот. Таа формулација значеше цела една епоха.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници ви се обраќам вам господа пратеници од таканаречениот лев блок и на претставници на албанското малцинство во Македонскиот Парламент. Сакам да ве потсетам на настаните кои доведоа до кулминација и претат да прераснат во најмалку саканото денеска во Македонија, во уставна криза. Дали се сеќавате на првите повеќепартиски избори кога албанците масовно излегоа да гласаат за своите претставници во таканаречената граѓанска партија ПДП НДП. Излегоа масовно и старо и младо и здрави и болни, гласаа и неполнолетни лица, со повеќе лични карти. Сигурно ова го паметите, а бевте револтирани од нивните агресивни настапи за време на гласањето. Дали се сеќавате како помина пописот и каков беше одѕивот на албанското малцинство. Референдумот на 8 септември кога требаше да се гласа за самостојна и суверена македонска држава, бојкот и молк, никаква грижа за Македонија која и тие често ја нарекуваат заедничка татковина. За потсетување дека македонскиот народ 95% гласаше за. Тоа ли е доказ за нивната лојалност и дали со албанците може да се гради трајно сожителство, како што вели претседателот на Републиката Киро Глигоров. Иницијативата на внатрешната македонска организација за донесување на,нов устав е препуштена на претседателот Киро Глигоров, кој се заложи во изјавата на седницата одржана на 15 мај дека Македонија ќе биде дефинирана како национална држава на македонскиот народ и нејзините граѓани. Но ништо од сето тоа. Македонскиот народ треба да очекува уште една голгота која многу пати во неговата историја се повторува.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. По се изгледа ние пратениците барем во овој состав на првиот Македонски парламент, независно до тоа колку ќе трае нашиот мандат дали уште година дали до

крај итн., никогаш нема да разбереме што значи јавноста на оваа говорница. Оваа говорница нема јавност само пред овој Парламент. Оваа говорница има јавност републичка, има јавност досега југословенска, има јавност светска. Тука се крои политиката на Републиката, тука се носат сите платформи и одлуки со кои што се трасираат патиштата по кои што оваа Република гази, последните 6-7 месеци, тука се бијат сите битки за филигранските потези со кои што оваа Републиката со најмала економска моќ, со најголем број непријатели, успева да го зачува мирот, успева колку толку да одржи чекор со економските токови, да одржи чекор со времето за заокружувањето на државно- правниот статус на Република Македонија. Нашиот -ј неодговорен однос кон овие во овој момент најважни задачи, нашите злоупотреби на оваа говорница искажани како полувистини, вистини или јавни клевети, директно го онеспособуваат Парламентот да ги изврши овие задачи, го калат ликот на нашите највисоки раководители, кои што треба да ги реализираат тие задачи и ги трујат граѓаните на Македонија, до степен од кој што не може да се очекува ништо друго, освен нерационални потези кои се вперени пред се, против неговата државност и против неговата нација независно од тоа на која нација и припаѓа. Има периоди во историјата на една држава,во која што јавните лаги можат да нанесат времени штети по што историјата немилосрдно ќе ги открие и ќе ги жигоса и нив и нивните конструктори. Ние денеска живееме во сосема други времиња. Живееме во времиња на судбоносни одлуки од кои зависи иднината на Македонија и многу од тие лаги денеска може пресудно да

влијаат на решенијата, кои што ќе ја обезбедат завек таа иднина на Македонија, или ќе ја покопаат колку утре. Иднината на Македонија денес може да се обезбеди само со решенија кои што ќе бидат прифатени од мнозинството на граѓаните на Македонија и поддржани од него. Тие не смеат да бидат оптоварени со баластите што ги носиме, не смеат да бидат филувани со сите фрустрации што ги носиме и не смеат да останат нејасни

на народот за кои што ги носиме, иако во политиката секогаш, ниту е можно, ниту е добро да се зборува отворено за мотивите кои не принудуваат да предлагаме вакви или онакви решенија, сигурно е уште полошо тие мотиви да се толкуваат лажно, злонамерно, со ниски побуди и задни намери да се елиминираат, вистинските актери на парламентарната демократија, носителите на толку потребното разномислие за да низ конкуренцијата на повеќе идеи се дојде до најдоброто и најконструктивно решение. Сведоци сме колку ли само лаги, полувистини конструирани клевети се изговорени од оваа говорница, само во последните десетина дена. За пример ќе насочам неколку од нив. Станува пред некој ден еден од нашите колеги пратеници, инаку мој колега по струка, со полна уста правна држава и демократија, плаче над судбината, на сиромашното македонско население кој што не може да присобере динар да се напие млеко, а знае многу добро колку години е претставник на странски фирми, кој е еден од најдобро ситуираните овде во Македонија и фрла клевета, дека овдека се залагаме за демократски граѓански устав, заради тоа што една голема група на пратеници има сметки во швајцарски банки. Станува еден друг познат гласноговорник од оваа говорница, гледа право во очите на претседателот на Републиката и немајќи аргументи да го привлече јавното мислење на своја страна, фрла клевета дека парите што ги земате ќе ги изедете и после тоа ништо нема да направите. Како може да се реагира преден ваков примитивизам, освен како што реагираше претседателот кој што стана и ја напушти седницата. Станува господинот Спировски и на оваа говорница јавно изјавува дека во овој Парламент парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ никој не ја консултира, никој за ништо не ја прашува , алудирајќи на тоа дека се работи за сценарио, за договор, за исклучување на оваа партија од работата на Парламентот на таканаречените пратеници од таканаречениот лев блок и за нивни коалиции со пратениците на ПДП и

НДП а овдека јавно е кажано кој постојано нуди коалиција на ПДП и НДП и премолчува дека истиот тој ден, претседателот на Собранието на Координативната група на која што присуствуваа сите пратеници, по сите пратенички групи и сите независни пратеници, вклучувајќи го и господин Голубовски, кој што во моментот по среќа или несреќа господин Ешреф Алиу зема збор, стана и демонстративно ја напушти седницата дека секретарот на Собранието три пати одеше во парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ да ги измоли да дојдат да се договориме околу понатамошната работа за донесувањето на Уставот. Трипати беше одбиен. Пред оваа говорница се вика дека никој за ништо не ги праша и никој за ништо не ги консултира, дека има сценарио да се исклучат до работата. Таа партија има свое членство, таа партија има свои симпатизери, таа партија има свои бирачи. Што очекуваме тие да мислат бирачите за претседателот Андов, за сите други пратенички групи кои што еве скроиле завера да ја исклучат пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од работата на Парламентот. Се станува од оваа говорница и се тврди дека интересите на македонскиот народ се предадени, заради тоа што со Уставот се дефинира граѓанска држава, заради тоа што на Албанците инаку нашиот народ не прочитал и не видел во Уставот дека никаде не пишува албанци, освен во Преамбулата, туку пишува националности во смисла на национално малцинство им се дава преголеми права, дека се распродава суверенитетот на Македонија, а никој не сака да каже дека на првата страница од Уставот Македонија, во името на континуитетот од 1944 година кога е формирана како национална држава стои дека Република Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која што се обезбедуваат правата и слободите на сите граѓани од албанската, турската, ромската, влашката итн. националност.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**: (Продолжение)

Се труе и се пали македонскиот народ дека во Македонија се воведува паралелно образование, дека во Македонија се воведува паралелен службен јазик, а никој не сака да каже дека во Македонија паралелен образовен систем, не за Албанците за сите народности како што ги викавме во досегашниот службен, после 45 години, дека ги има образовните институции во сите степени, до денешен ден до амандманите на Уставот од 1989 година. Више образование, средно образование, дали е тоа многу или малку, после подоцна ќе зборуваме.

Со сегашниот Устав како што тие кои што настапуваат вака од говорницата, знаат дека тој паралелен систем не за Албанците туку за сите е битно редуциран, до ниво на средно образование, каде што се даваат паралелки на мајчин јазик за образование на припадниците на поедините националности. Сите знаат дека во Македонија од 1945 година постојат, до ден денеска три службени јазика, македонскиот, албанскиот и турскиот. Сите знаат дека во Деловникот за работа на ова Собрание пишува дека во службена употреба е албанскиот и турскиот јазик. А сите тврдат дека сега предавниците на македонското дело ќе воведуваат службен албански јазик. А всушност, се работи за следното: во местата во кои што живее мнозинство од една националност, како што е насекаде во целиот свет, во службена употреба во локалната самоуправа ќе биде и јазикот на таа националност. Секогаш кога се слушаат совети од надвор и секогаш кога се бара повеќе од можното, милион пати е потврдено дека се губи и до тогаш стекнатото. Спрема многу кажувања албанците на Косово денеска би биле презадоволни да го имаат тоа што го имаа 1989 година. Подлегнаа на

совети од надвор, се понесоа на крилјата на национализмот, дојде до познатите немири, се почувствува загрозен српскиот народ на Косово, го изродија заштитникот Милошевиќ, со многу лесни ветувања дека прашање ќе го решат ала минут. Се заборави Милошевиќ, понесен сега од крилјата на неговиот национализам за создавање на Велика Србија. Па се почувствуваа загрозени хрватите, па го изродија Туѓман за да ги заштити од Милошевиќ, па Туѓман се понесе на крилјата на хрватскиот национализам, па ги загрози правата на србите во Хрватска. Така србите ги изродија "мартичевци и бабичевци" за да може да ги штитат од Туѓман. И пливнавме во крв до коленици. Никој пат со никаква сила нема да ме натераат да гласам за решение кое што ќе му нанесе несреќа на македонскиот народ, кој што сега, кога сме со едната нога во Европа, а со двете раце го држиме парченцето што значи трајно и вековно признавање на македонската држава, да предизвикаат непромислен потез со кој што, сето тоа што е постигнато со невидено одење на жица, по жица на сите нас, но и на еден 75 годишњак, со никаква позадина зад себе, со никаква војска, со никаква сила, успеавме да го избориме. Да создадеме лик на мирна, зрела нација за демократија за граѓански права, за прифат во братството на таа демократска Европа. Да со еден таков непромислен потез го срушиме преку ноќ и за навек. Таков мандат немам ниту од бирачите ниту пред својата совест.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство.

Поминат повеќе од 10 месеци од работата на овој Парламент. Колку беше тоа доволно време, толку и недоволно. Меѓутоа, сметам дека овие изминати месеци беа доволни за прилагодување на секој пратеник и на секоја политичка партија во работата на овој орган односно на Парламентот како највисок законодавен орган. Тоа не значи дека во овој изминат период немаше конструктивна и рационална па и компетентна расправа по низа прашања што беа предмет на расправа на овој Парламент. Сигурно бевме во состојба и требаше низа проблеми да ги решаваме во 6д, дури иако работиме во услови на нарушени економски политички и социјални односи, во време кога се води војна, кога се случуваат такви промени во Југославија и во Европа кои што тешко можат да се предвидат и следат.

За разлика од порано кога во претходната расправа по поодделни документи, програми, законски акти и други, беа вклучени поголем број општествено- политички организации, преку нивните не така мал број органи како Централен комитет, Конференција на Социјалистичкиот сојуз, Синдикат, Младина, Боречка организација, разни здруженија, друштва, секција па и Собранието преку своите собори, сега сме сведоци дека таа работа е сведена исклучиво на овој Парламент од 120 пратеници, на Владата и на телата на Собранието. Поради вака изменетиот однос мора да сфатиме дека Парламентот носи голема одговорност во секој поглед при донесувањето на било кои закони или друг акт кои ги регулираа односите во економијата, политиката, правата на граѓаните итн. Тоа не значи дека секоја одлука треба да добие практична верификација во животната и работна

средина кај секој граѓанин односно да биде прифатлива за граѓаните на Република Македонија. Еве неколку месеци поради едни или други околности сме доведени да размислуваме за сопствена држава, како самостојна, суверена и социјална со некаква можност да стапиме во Сојуз на суверени држави во Југославија, се разбира доста условно. Во последно време, најконкретно се зафатиме и со создавање предуслови за формирање ново граѓанско општество, каде граѓанинот ќе биде основен субјект. Значи доста интензивно плански работиме на овој план.

Како резултат на претходно водената активност еве денеска пред нас е и стои Предлогот на новиот Устав кој треба да го донесеме а кој што треба да биде основа за донесување на низа системски закони. Текстот на Уставот е изготвен од експертска група а во неговото конечно обликување, беа вклучени многу стручни лица и институции, поединци па и обични граѓани, Собранието преку своите тела, и пред се, Комисијата за уставни прашања.

Од најголемиот број стручни лица нема некоја сериозна забелешка на текстот и тој има стручна поддршка. Меѓутоа, кај обичниот граѓанин создава дилема дали овој устав го потврдува суверенитетот на македонскиот народ односно македонската нација или не. Односно дали треба понагласено да се истакне националниот белег и македонската нација со што би се нагласило дека Македонија е држава на македонскиот народ и граѓаните кои живеат во неа или нешто поинаку.

Многу граѓани поради недоволни информации или неубедливо објаснување од поголемиот број на учесниците во расправата, и ако сакате, од експертската група се ставаат во една позиција на несигурност и често пати реагираат доста агресивно и со фрустрации. Неслучајно се организираат и јавни собири за негодување, дури некои пратеници завчера, а тоа може да се случува и понатаму, да бидат напаѓани и малтретирани, кобајаги тие ги предаваат интересите на македонскиот народ.

Од друга страна сме сведоци дека ни дел од националностите не се задоволни од текстот на Уставот, од преамбулата, па и од нормативниот дел во кои се определени колективните и индивидуалните права на граѓаните на Македонија. Што значи постојат, повеќе незадоволства од повеќе страни. Јас се прашувам, зарем навистина, нема можност за дијалог и договарање. Меѓутоа, искрено договарање, објективно, без да има задкулисни игри, да се отворат картите и намерите до крај. Во овој Парламент структурата на пратениците според партиското обележје е хетерогена. Исто така, и бројноста на пратениците не е иста. За мене, во најголема мерка овде пратениците од побројните партии, вклучувајќи ги и другите партии, меѓутоа, сносат една најголема одговорност во одлучувањето и во донесувањето на овој Устав. Па во таа смисла ги молам пратениците од претходно споменатите партии, односно од побројните многу поодговорно да одлучуваат при донесување на Уставот, и да ги проценат обете варијанти:

1. Што значи донесување на Уставот, какво добро им носи на Република Македонија, на меѓународен план па и на планот на македонската економија и на правата на граѓаните кои живеат во Република Македонија, и

2. Што последици ќе има Република Македонија ако Уставот не се донесе.

Во таа смисла апелирана одговорност, трезвено, објективност од пратениците на побројните партии, вклучувајќи не и нас тука, бидејќи од нивната одлука зависи што понатаму.

Инаку јас како пратеник на Социјалистичката партија на Македонија која што е застапена само од 4 пратеника се наоѓам во таа смисла хендиќепиран. Би се придружил на најрационалното во овој миг да се донесе Уставот, а понатаму да се следи неговата практична верификација и веднаш ако настанат одредени сериозни проблеми во практичниот живот, да се предложи изменување и дополнување. Овој Устав е жива материја и е допуштено негово изменување и дополнување се во интерес на граѓаните и на сите кои што живееме во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ;**

Почитувани пратеници,

Без намера да дискутираме, за вакви работи со кои секој ден, пред секоја седница на Парламентот се судруваме, а намерата беше да бидеме се порационални, а се повеќе работиме рационално. Дневниот ред е определен за што треба да расправаме, а сепак расправаме за такви работи и предлози за кои треба во некое идно време да расправаме. Меѓутоа, ете се случува да дискутираме за вакви работи што не се во функција на Уставот и неговото донесување. Не знам како да почнам.

Меѓутоа, би почнал од една мисла "човечки е да се греши, а човечки е да се исправи грешката". Само не човекот не ја признава грешката. Можда и јас грешам, сигурно, зар не. Грешам за некои ако кажам дека емисијата "Отворен екран" беше на највисоко интелектуално морално и национално ниво, кога навистина такви емисии беа потребни а требаат и понатаму за да може да се искаже вистината како и што сакаме да ја градиме Македонија.

Грешам затоа што од Албанците досега не е напишана ниедна парола "смрт на Македонците", "сатара за Македонците" "да ги протераме Македонците" итн., како што има обратно "смрт за Албанците", односно за шиптарите, "сатара за нив", "да ги протераме нив", итн. и се и сешто. И покрај тоа се залагаме за оваа Македонија во која сакаме навистина, демократски да ги средуваме односите.

Возбуден и вознемирен сум од односот спрема Албанците од поединци. Затоа сакам да кажам во врска со тоа. Човечки е да се верува и да се биде оптимист. И ние веруваме дека со инаугурацијата и победата на демократијата во Македонија, и пошироко и од непосредните плурални односи, очекувавме едно слободно изјаснување, изразување, како нужна демократска партиципација за која битни, според мое мислење, се три фактори или елементи: прво, толерантност, второ, ненасилство и трето, демократски дијалог. Впрочем, само со нив,со разбирање и со меѓусебно доверие може да се опстојува во ова разбранувано време

Овие три поставки беа и појдовна точка и основа за наше поединечно и колективно дејствување во Парламентот и пошироко. Пред се, мислам на парламентарната група во овој Парламент

Човекот е господар на својата среќа и сам си ја крои својата судбина. Како такви, денеска нашиот човек, Македонец, Албанец, Турчин, Ром, Влав и сите други се наоѓаат пред еден значаен момент, во многу нешта од кои што зависи заедничката иднина, човековата есенција и егзистенција.

Еден од тие моменти во глобален план е запирањето на граѓанско-етничката војна, а за нас во Македонија спречување на таа војна. Донесување на Уставот на Македонија, како највисок закон кој ќе произведува такви или онакви односи. А ние би сакале такви односи кои ќе одат во прилог, во прилог на демократијата. во прилог на рамноправноста.

Борбата за остварување на рамноправноста е перманентна на секој национален субјект. Тоа е обврска и чесна задача, зашто така се брани и националниот идентитет. Во оваа насока се барањата на Албанците, кои сакаат да партиципираат, да покренуваат иницијативи и да придонесуваат во операционализацијата на рамноправниот живот. И мислам не отсуствува способноста за разбирање на демократските процеси и создавање на меѓусебна доверба како основен политички капитал за соживеење. Евидентен е фактот односно непобитен дека ние Живееме во фаза на поправка на грешките направени во блиското минато. Јасно е дека многу потешко се поправаат грешките во системот, отколку да се прават нови грешки. Впрочем и ние инсистираме да ги поправиме грешките и да не правиме нови грешки. Но и покрај тоа имаме можности да и покажеме на јавноста на македонската јавност па и на меѓународната јавност дека Македонија е способна и покрај натрупаните проблеми и контрадикции да ги разрешува присутните грешки и проблеми од сферата на рамноправноста, на националните колективитети, бе поголеми трауми и потреси. За сите овие проблеми е потребно единство, голема степен на толеранција, разум и

интерес за совладување на пречките.

Истовремено, пратениците сакат непосредно да дадат придонес во обезбедување на авторитет на Македонија, правна држава во која секој ќе се чувствува свој на своето. Ќе се постават односи на комплементарност а не на субординација. Значи да се елиминира субјективно, психолошкото сознание и чувство некој да се третира прв, некој втор, некој голем, некој мал, некој вреден а некој поневреден.

Делувајќи во оваа насока, ценам дека ќе зајакнат силите за самостојна и независна Македонија, демократска Република која ќе изградува сопствена политичка и правна линија за обезбедување на рамноправност.

Овде не дојдовме да се навредуваме едни со други, ниту да навредуваме некого, поединец или орган. Тука дојдовме да развиваме демократски дијалог, да ги слушаме мислењата и предлозите, за разрешување на суштествените проблеми од коегзистенцијата и дефинитивно разрешување на иднината на Македонија, заедничка и рамноправна. Ако некој денеска мисли поинаку од другиот ова не е и не треба да биде причина тој да се етикетира, да се навредува? потценува и без никакви аргументи да се напаѓа. Не треба строго да се верува во исправноста на сопственото мислење без практичната аргументација. Имав впечаток дека вештачки се создава атмосфера дека за оваа Македонија се борат само Македонците, или дел од Македонците. Дали со ова се мисли дека само тие се достојни а другите не се. Ако Македонците ја сакаат оваа земја, дозволете и другите да ја засакаат. Вистински да ја засакаат, и Албанците и Турците и Ромите и Власите и другите кои живеат во неа. Тоа е нивна заедничка татковина, и рамноправно да се залагаат за нејзината иднина па и за Уставот.

Сметам дека денеска од било кога е потребен толерантен дијалог, аргументиран, аргументирана расправа, како никогаш досега за сите отворени проблеми и проблеми кои со тек на време може да настанат и да се елиминираат. Тој дијалог треба да биде без импонирање, пресии, мајоризации и разни етикетирања. Без обвинувања дека во мојата куќа Македонија за сите недоразбирања виновен е некој друг. Вината, за тоа што се случува или што може да се случи треба да ја бараме во сите нас, како колектив и поединечно. Доста се меѓусебните критики. Потребни се мудри размислувања, политички резон и готовност за надминување на проблемите и разликите во гледањата. Само заедничките сили можат да придонесат во разрешувањето на проблемите. Во оваа прилика би цитирал една мисла на Марк Твен, само да не бидам разбран погрешно се однесува за сите, таа е поучна за сите нас. Вели тој "потрудете, се да го добиете она што го сакате, инаку ќе ве присилат да го сакате она што ќе го добиете".И ние Албанците во Македонија, објективно живееме заедно и понатаму, историска нужност е да соживееме во мир и слога. Таква ни е заедничката судбина, која што мора како таква да ја прифатиме во се и сешто и единствено така ги опсервираме политичките настани и состојби сврзани со дезинтеграцис5ните процеси и реинтеграцијата.

Сметам дека секој одделен политички субјект може да има различни ставови по низа прашања кои се врзани за конкретните интереси како што е интересот за осамостојување, суверенитетот, уставното решение итн. Тоа е нормално, дури и енормно што постојат различни методи, облици и тактика за разрешување на проблемите во изградбата на демократската заедница. Но, битно е да се постигне договор и консензус за прашањата од општ и

заеднички интерес. Впрочем, целта е заедничка, патиштата до реализацијата на таа цел се различни и точно затоа се вели дека сите патишта водат до Рим, но треба да го избереме најдобриот пат. Да се ослободиме од егоизам и егоцентричност и од евтина пропаганда. Единствената филозофија на сите нас граѓани на Македонија поединечно и колективно е филозофијата на сожителство, рамноправноста, меѓусебното почитување на реалното приближување на луѓето, на човекот со човек, затоа што во заедничкото живеење во кое се втемелени универзални и битни морално- политички норми, вредносни ориентации и конкретни историски и социјални и национални интереси можат само заеднички да напредуваме и да ги развиваме.

Предодредени за заедничко живеење во овие простори, вековното сожителство, делењето на доброто и лошото низ историјата до денешни дни ја наметнува потребата од неопходноста од натамошно зацврстување на нишките што не зближуваат ако се сака прогрес, просперитет, опстанок, отпор, против сите сили претендираат оваа земја да ја претворат во полигон на своите хегемонистички сили.

За нас Албанците од ова поднебје Македонија е наш единствен дом и татковина како што е дом и татковина на сите што живеат и создаваат во неа. Ова ние постојано го истакнуваме. Затоа чувствуваме потреба и ние подеднакво да ја засакаме како и другите рамноправно. Оттука, ако се сака побрз развој на вкупните демократски односи и цивилизациските придобивки во Републиката, неопходни се итни мерки и активности и на Парламентот и на Владата и на другите органи и организации и институции

за надминување на сите прашања што ги обременуваат меѓунационалните односи во Републиката, а во новиот Устав да се изнајдат трајни решенија со што во иднина вниманието на Парламентот да биде насочено кон другите витални и значајни економски прашања, егзистенционалните аспекти на живеењето.

Должноста и иднината ни налагаат одговорно настапување во соживотот кој е императив, но без закани рака под рака мирно заеднички без оптоварување да не тргнуваме со мирот, да бидеме човек за човекот, да имаме слух за времето, да даваме шанса на демократијата, за пристојна Македонија да се залагаме сите и заеднички.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитуван претседателе, уважени пратеници, пред да пристапиме кон оваа финална дебата за предлогот на Уставот, јас дадов еден мал интервју на телевизијата во кој истакнав три работи кои сметав дека треба да ги имаме предвид кога денеска ја носиме таа одговорност да донесеме основен акт, а тоа се правните темели на суверена и самостојна Македонија оти до Уставот ние се уште не сме.

Таму реков дека најпрвин треба да имаме предвид во кој историски миг треба да го донесеме тој Устав. Мислам дека нема потреба да го објаснувам, повторувам, длабоко верувам во себе дека сите сте свесни во кој историски миг денеска и со каква одговорност сме оптоварени да одговориме на онаа обврска, задача што ни ја даде Референдумот кој со таква огромно мнозинство на македонскиот народ се изјасни за суверена и самостојна Република Македонија.

Второ, реков дека тој Устав мора да биде во целост една демократска повелба на нашиот народ, врз основа на кој со генерации ќе развиваме демократско живеење ќе станеме европска нација.

И трето, реков дека овој миг е миг на признавање за прв пат, без оглед што имаме сопствена држава веќе долго време, за: прв пат таа ќе стане меѓународен субјект, ќе биде меѓународно призната, ќе влезе во меѓународната заедница како член на Обединетите нации.

Тоа го имав предвид и кога ја дадов иницијативата за донесувањето на Уставот.

Ќе ми дозволите, за да нема никакви сомневања во тоа што беше она што е носечко во иницијативата да ве потсетам од мојот оригинален текст врз основа на кој говорев и тоа накусо.

Со денешната иницијатива за донесување нов Устав на Република Македонија пристапуваме кон институционално оформување на правните основи на државноста, политичкиот, економскиот систем на нашата земја. Новиот Устав треба да биде, историски гледано, завршен акт на еден долг историски процес, започнат со Манифестот на Крушевската република, потоа на АСНОМ, досегашните устави на Македонија, амандманите на постојниот устав и Декларацијата на овој Парламент за суверена македонска држава.

Реков дека тоа е дело на многу генерации, прејада револуционери и борци, преродбеници, учители и културни дејци. Без сите нив и особено без Илинденското востание, великанот Гоце Делчев и неговите соборци и народните херои од НОВ на нашиот народ во II-Светска војна и 100-илјадната македонска војска денеска не би имале држава. Тие настани и нивните дејци, жртвите дадени да можеме денеска да живееме слободно и да пристапиме кон овој чин вткаени се во вкупната модерна историја на нашиот народ. Тоа е едната одредница која го определува карактерот на нашиот Устав.

Второ, наша преокупација мора да биде новиот Устав во полна мерка со кој ќе се оживотвори нашата насушна потреба за сожителство во Македонија на сите што живеат во неа без оглед на националност, култура и вера. На сите на Македонија ние е татковина, сите кон неа треба да се однесуваме еднакво, да ја градиме, браниме и пред се, да живееме сложно

со полно меѓусебно уважување и толеранција. Се што е наше позитивно и меѓународно искуство на тој план треба да се вгради во нашиот Устав, додавајќи најдобро е да се потсетиме на мудроста на нашите предци кои умееле да живеат заедно како комшии, како луѓе, заедно да се помагаат и почитуваат кога ќе помине ова време ќе се увериме дека не само што мораме, туку и умееме да живееме заедно и заедно да го градиме нашиот заеднички дом.

Трето, и со тоа завршувам, иако сме свесни дека денеска се води пресудна битка за суверена држава на македонскиот / народ и сите граѓани што живеат во неа, тоа веќе многу пати се потцртува дека сум го рекол, сум го рекол и така го мислам и денеска, со нејзините белези иако знаеме од каква важност е да се потврди извоената сувереност на Републиката во сегашната југословенска заедница не смееме ни за миг да заборавиме од каква важност е нашата држава да се втемели и гради врз основа на демократијата и владеењето на правото. Всушност, слободата правото за самоопределување, полната сувереност се во најтесна зависност со демократскиот карактер на нашето општество. Не може, ве молам, да подвлечам, не може да се лува и брани сувереноста на слободниот граѓанин без правна сигурност и без тоа тој да биде хегемон на сувереноста на македонската држава- граѓанинот. Што значи дека и двата елементи кои неизбежно мора да ја карактеризираат нашата држава се дадени во иницијативата и тие еден со друг претставуваат наполно кохерентно единство.

Не сакав до сега да говорам по повод уставната дебата затоа што сметам дека Парламентот треба да расправа и широко и опстојно и со сите дилеми, со сите така да кажам наследени и осознаени наши сопствени

прашања, фрустрации и друго, треба да се искажеме до крај. Мене тоа ништо не ми пречи и не сакав да се мешам во таа дискусија. Сметав дека на крај мора да созрее едно сознание, откако ќе ги измериме сите дилеми, како што досега беше случајно други моменти кој ќе ги спомнам ќе дојдеме до едно заедничко сознание. Уставот на Македонија денеска треба да се донесе, тоа е од животна важност за нашата држава и нашиот народ, сите граѓани што живеат во неа и дека ние не смееме да паднеме на испитот на тоа прашање. Овој Парламент тоа не може и не смее себе да си го дозволи. Јас сум убеден дека сите, кога ќе размислиме на крај, да се подвлече така да кажам на линија од сите наши дебати се друго треба да се остави по страна и да дојдеме до еден општ заклучок да го донесеме Уставот и со тоа да отвориме врата кон меѓународното признаваше на македонската држава. Немој да ни се случи да бидеме оној тркач кој успешно ја водел целата трка и на еден метар пред целта изгубил здив.

Да ве потсетам, во овој Парламент се изгради, по мое длабоко уверување и ден денеска, една добра национална стратегија, таа можеби не беше напишана во некој генерален документ, но се што се направи, се што презеде, има една јасна линија, една нишка која не води кон конечниот успех.

Да спомнам само неколку точки од таа наша стратегија и тоа она што е остварено.

Најпрвин се спроведоа демократски избори и дојдовме до овој Парламент. Овој Парламент на првиот чекор донесе Декларација за сувереноста на Македонија. Прв акт кој даде печат понатаму и на сите други настани со кои овој Парламент мораше да се занимава.

Потоа, кога дојде до се што дојде во Југославија овој Парламент успеа да го сочува мирот во Македонија најдрагоценото нешто за нашиот народ. Ние дадовме многу жртви да дојдеме до сопствена држава. Сега кога таа држава треба да биде крунисана со меѓународен субјективитет, со меѓународно признавање тоа треба да го спечалиме во мир ако сме зрела нација, ако сме свесни за одговорноста што ја имаме сите пред сопствениот народ. Јас мислам дека тоа целиот народ од нас го бара. До сега успеавме да не бидеме жртви на било чие сценарио да не тргнеме по патот оти нема да бидеме независни, меѓународно признати ако не падне крв. Со мудра политика ако се прават прави меѓународни и внатрешни проценки и ако се има чувство и слух за она што народот мисли, што го чувствува, а гледаме што тој чувствува особено по се што виде каде води безумната војна и што се се случува во Југославија, тоа ли го сакаме ние во Македонија да дојде? Кој е тој македонец кој ќе гласа за такво нешто. Значи, постигнавме второ нешто што е драгоцено, го сочувавме мирот до ден денеска во Македонија.

Трето, долго се мислевме кој е патот да го добиеме она што е основно по сите меѓународни правила, а тоа е правото на секој народ природното неотуѓивото право да се самоопредели. Кога веќе стана интернационализација на југословенската криза, кога европската заедница почна да го решава и да се бави со југословенското прашање и со прашањето на сите оние што сакаат да остварат сопствена слобода, сувереност и самостојност, тогаш мислам дека без оглед на различните дискусии, различните предлози тоа е на крајот на краиштата се во рамките на едно парламентарно опсудување на сите можни решенија, модалитети,

патишта итн. Мислам дека го избравме најдобриот, а тоа е да го прашаме народот, да бидеме на референдум тој да се изјасни, да се самоопредели. Тој чин не можеше да биде и нема да биде заменет со било што друго, а да има такво значење и таков квалитет и народот тоа го потврди, отпаднаа било какви сомневања, разни пропаганди од надвор, внатре ќе го забуладат нашиот народ и ќе го доведат во прашање оној негов неуништви инстинкт да во моментот кога се одлучува за неговата судбина ќе го каже правиот свој збор и од излезените гласачи добивме 95% "за". Тоа е нашиот капитал, тоа е капиталот на овој народ пред сета меѓународна заедница, пред сите оние што би посегнале од било кој причини за нашата слобода, за нашата национална независност и за тоа да станеме меѓународно признат субјект

**КИРО ГЛИГОРОВ**: (Продолжение).

Некои не не признаваат како нација, други не не признаваат како држава, трети мислат дека овој народ, следејќи ги историските настани и заблуди ќе се исподели, ќе падне на испитот пред крај. И, тогаш ќе се вмешаат сите оние кои имаат вакви или онакви интереси и апетити кон ова така мало, но за нас драгоцено парче на македонска земја.

Такво единство овој народ покажа во време на втората светска војна. Јас повеќе пати тоа сум го изнесувал и денеска сакам да го подвлечам. Сите пропаганди, кои не беа така мали, во воено време, во една комплетна европска и светска војна, од сите страни опкружена, ги најдовме правите сојузници, се изборивме со сопствена војска, дадовме огромни жртви и затоа дојдовме до сопствена држава. Тогаш да се бевме поделиле на оние што ја сакаат Србија, што ја сакаат Бугарија, што ја сакаат Грција, што сакаат не знам кого, или пак заблудени од тие пропаганди почневме меѓу себе, што е богата историјата на македонскиот народ, да се колеме и утепуваме итн. како што беше да ве потсетам меѓу Првата и Втората светска војна цела деценија после Првата светска војна кога се валаа главите на македонците дејци, секоја вечер. Ако од дената страна на Софиска улица падне глава од едниот дел на македонските партии, утре. вечер паѓаше главата од другиот дел на македонските партии. Да не зборувам за внатрешни семожни фракции итн.

Дајте, малку да помислиме на тоа историско искуство, искуство на овој народ во моментот кога во разврската на оваа криза ги имаме сите основни адути во своите раце. Го имаме референдумот, имаме приготвен устав, имаме, а тоа сакам сега да го додадам како едно постигање за само

10 месеци,пак врз основа на одлуки на овој Парламент, со сите оние задачи што се добивани од овој Парламент и верификувани од овој парламент, едно големо меѓународно признавање на напорите на оваа Република, на нејзината политика на нејзиниот придонес и на "меѓународен план и на внатрешен план.

Бев меѓу тие, иако до вчера така да се каже за нас не се знаеше ниту малку се знаеше. Или не ставаа или на онаа страна. Одеднаш се разбра дека има еден мал народ во овој виор на војната кој може да сочува мирноќа, храброст и одлучност да води една самостојна политика и во таа политика да влече потези кои наидуваат на разбирање кај сите наши соговорници. И тој капитал не смееме да го упропастиме.

Денеска никој не доведува во сомнение дека Македонија, доколку ги исполни претпоставките, бидејќи за конечната судбина на сите овие народи сега се решава на Хашката конференција, нема никакво сомневање, еве и вчера последниот доказ, во разговорите со господинот Карингтон дека Македонија може да добие признание на меѓународната сцена и нема никаква пречка да биде самостојна и суверена држава. л

Тоа се постигања на овој Парламент. А, кога не слуша народот изгледа како да ништо не сме сториле. Сите заедно. Како да се најважни кавгите помеѓу нас, како да се најважни тие моменти, кога се изнесуваат лични, вакви, такви видувања, фрустрации итн., итн. а го губиме од вид она што е основното и главно.

Дозволете сега да кажам неколку зборови за тој таканаречен основен спор кој, божем не дели. Во што е проблемот?

Нема никакво сомневање дека оваа држава се вика Македонија. Има до душа една земја која би сакала да го смениме името за да не признае. Меѓутоа, тоа е нешто што е надвор од било какво реално и сфатливо барање. Значи, таа се вика Македонија.

Мнозинскиот народ е македонски. И, за секого, во целиот свет веднаш потоа станува јасно дека тоа е македонска држава. Но, во исто време, за да бидеме до крај во тој поглед јасни, и не случајно го прочитав тоа што беше во првиот пасус во мојата Иницијатива за донесување на Уставот, не треба да се добие впечаток дека тоа е држава која е скалапена сега, или како што некои велат коминтерновска творба или оти траела само неколку месеци итн. Јас мислам/ сите што тоа го тврдат треба да размислат што тоа значи.

Континуитетот на македонската држава никогаш не е прекинат. Од Крушевската Република до денес. Тоа треба да биде не наша аргументација, туку тоа е стварноста што треба да ја документираме за сите кои не го знаат тоа и не веруваат во тоа или намерно не сакаат да веруваат во тоа од овие или оние причини. Нас не не интересира тоа, сега кога треба да станеме меѓународно призната самостојна и суверена држава ликакви идеолошки и други предзнаци ако се каже. тогаш станала, е тоа може да биде заслуга на овие, ако се каже дека станала во некој друг период, тогаш е заслуга на другите. Тоа е заслуга на македонскиот народ и неговата вековна борба. Се другото се небитни епизоди. Заслуга е на оние што изгинале за да дојдеме денеска до сопствена држава. Нив треба да ги почитуваме. Да не им ставаме никаков идеолошки предзнак бидејќи ги дале своите животи.

Ако така гледаме, Преамбулата на тој устав и ова пред тоа што го кажав сосема јасно за целиот свет покажува дека се работи за држава на Македонскиот народ. И затоа нема место за тоа во нормативниот дел. Во нормативниот дел суверeноста треба да биде на народот, кој го сочинуваат сите граѓани што живеат во Македонија. Тогаш сме ние права демократска, правна држава, основа за цивилно општество и со ништо не е загрозено она што е речено во преамбулата и што е историска вистина.

Ние Македонците, бидејќи најверојатно заради нашата многу тешка историја, каква била судбината, постојано имаме еден нагон да се докажуваме. Ние би биле задоволни во секој член да се спомне дека е тоа македонска. Македонцки правен систем, македонска телевизија, македонско ова, македонско она итн. Се докажуваме непрекинато со една потсвест дека можеби сето тоа е загрозено, тоа не се признава и треба да го повторуваме и самите себе да се уверуваме дека е тоа така.

Верувајте, јас мислам дека е ова крајно време, ако ги погледнете нашите млади генерации, сите наши млади луѓе воопшто го немаат тој' комплекс на докажување пред било кого. И, не случајно заради тоа реков на неколку меѓународни средби ние никому не сакаме да се докажуваме како нација. Ние сме она што сме, што чувствуваме дека сме. Никој не е ниту повикан, ниту е негово право да не признава или не не признава. Тоа за него може да биде само факт. До колку фактите не се признаваат, тоа е на штета на оние што не ги признаваат. А, се признаваат држави и во нашата држава и за нашата држава ги имаме сите атрибути да биде призната и да стане меѓународен субјект. Тоа е за нас важно Тие наши млади генерации тоа страшно го чувствуваат. Ја имаат таа самосвест која ние, уште,

постарите, заради сите патила и црнила уште во самите себе како да не можеме да веруваме дека по мирен пат, на еден сосема нормален начин, со една умна и раборита политика ќе дојдеме за она што се бореле толку генерации, еве и последниот чин ќе го направиме.

Ако дојде една вест на телевизија дека Карингтон рекол дека ќе се признаат Хрватска и Словенија, веднаш утредента добивам барем 10 позиви, некогаш и од одговорни луѓе што значи ова, не е спомната Македонија? значи, нас нема да не признаат! значи нас нема да не признаат!. А се заборава дека во Хашкиот документ, во точка 1, алинеја 1 пишува дека сите републики кои сакаат да бидат независни, суверени и самостојни, тоа ќе им биде призната. И затоа вчера морав, заради нашата јавност и директно да му го поставам тоа прашање, иако со зачудуваше гледаше Карингтон зошто тоа го прашувам, дека тоа се подразбира.

Значи, националниот елемент воопшто не е заборавен. Тој е ставен на место таму каде што му е местото, во контекстот на историјата, со што се покажува дека ние не сме од вчера. Дека тоа право на самостојност и државност го имаме од секогаш, откога знаеме за себе и со тоа е проблемот симнат од дневен ред. Потоа треба да направиме устав, кој ќе биде устав на една земја која се готви да ги преземе сите свои функции што сега ги нема од една страна, а од друга страна на земја која се готви да влезе во Европската заедница и од ден на ден треба да се приспособува. За нас нема да важат изминатите балкански права на живеење и однесување. Ќе мораме да ги прифатиме оние правила кои важат за една заедница кон која се стремиме. А ние сме во Европа, Европска сме нација, ќе бидеме Европска самостојна држава. Мала сме држава. Никој не може да биде сам за себе си, ниту автархичен, ниту изолиран. Ако сакаме како

такви да не прифати Европа и таму да го најдеме својот иден дом, тогаш во тој заеднички дом мораме да водиме сметка, сакале или не, за она што се важечки правила на таа заедница.

Ако вие, во Парламентов ми дадовте мандат да преговарам во Хаг и на сите други места каде што се бие битката за меѓународното признавање на Македонската држава, тогаш би било редно не само експертите, и нив мораме да ги слушаме, но и оние кои се во котелот, во огинот, кои секој ден ја бранат таа позиција и знаат точно што бранат, како бранат и што ќе не доведе до целта. Ништо до сега не е сторено што би попречило на таа наша крајна цел. Обратно, како што реков, се што е до сега постигнато не води кон победа. Само ние, напред, можеме на крај на овој процент да ја растуриме таа држава. И, за таа одговорност мора да размислиме.

Затоа апелирам на сите вас, апелирам и заради тоа што дури сум на ова место носам и ја симболизирам на некој начин, но и носам одговорноста за тоа да дојдеме до сопствена држава. Но, апелирам кон вас и како човек, како човек кој може да каже без лажна скромност дека е учесник на Заседанието кога се создадени основите на Македонската дражва, и кога денес како што реков, за кусо време, многу кусо време кое нас не не чека да ја крунисаме да стане самостојна, да стане суверена, меѓународно призната држава.

Овој луксуз кој себе си го позволуваме да водиме дебати кои во крајна линија можат да значат определена деструкција на сето ова што сме го направиле до сега, не само што се луксуз, тоа е однесување на луѓе кои како да имаме пред нас 10 години мир и сега на тенко ги предеме сите наши приказни, се она што сме го носеле неиживеано во себе си, се евентуално што не врзува со овој или оној поширок партиски интерес итн.

Па особено, сега морам исто така да кажам сосема отворено и искрено, ме загрижуваат настаните кои зедоа еден тек кој е многу опасен. На крајот на тој тек ќе страда демократијата и ќе ја загубиме државата. Ние, не можеме да се свртиме и да ги решаваме проблемите ако еднаш се одлучивме за демократски пат, за правна држава, за цивилно општество, ако мислиме добро на нашиот народ, ако сакаме да дојдеме до крајната цел, да имаме самостојна и суверена држава, меѓународно призната, ние не можеме со други средства освен со демократски средства да се убедуваме, да расправаме, расправавме и долго и опширно, но часовите бијат и мислам дека нашата одговорност со продолжувањето на овој тек кој може да се нарече агоничен, нашата одговорност од ден на ден се зголемува.

Во тој случај, ако го доведеме во прашање мирот, стабилноста на оваа Република и нејзината позиција врз основа на тоа, во внатрешни и надворешни односи, тогаш не пет, 10 или 20,000 души јас сум длабоко убеден дека стотици илјади македонски граѓани во сите граѓани ќе го бранат мирот, демократијата и оваа зема.

Благодарам.

(Во Парламентот настана громогласен аплауз од страна на сите пратеници, освен на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште малку па ќе дадеме пауза.

За збор се јави Неџати Џафери.

(Пратениците бараат пауза).

Бидејќи се бара пауза, предлагам пауза.

(Седницата продолжи во работа во 18,45 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Присутни се 103 пратеника, што значи 17 немаме овде во овој момент.

Збор има Љубосав Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Дами и господа. Јас ќе бидам многу краток. После исцрпното излагање на претседателот на македонската држава, господин Киро Глигоров, кое беше и мошне содржајно и мошне аргументирано, а јас пред тоа се јавував за дискусија и сега мислам дека не е упатно, не е културно и непотребно е понатаму да водиме општа расправа. Ние, за овие денови кои што поминаа го направивме и тој толку сакан политички маркетинг. Тие што требаше да го повратат рејтингот тоа го направија. Сите желби се исполнија, многумина беа на говорница и јас првиот ден зборував, не би сакал да ги повторувам тие зборови и би предложил во интерес на донесувањето на овој Устав ние да поминеме на конкретна работа. Мислам дека на тој начин најдобро ќе му послужиме на нашиот народ, најбрзо ќе дојдеме до целта која што заеднички сите си ја поставивме во времињата што изминаа и му предлагам на претседателот на Парламентот да ја усмери така оваа дискусија, а исто така и на вас ви предлагам да прифатите да расправаме за текстот на Уставот, член по член и побрзо ги усвојуваме тие членови. Да се откажеме од оние амандмани за кои што сметаме дека немаат основа. Претседателот на Парламентот да ги прекратува оние дискусии кои не се однесуваат на соодветниот член и кои не нудат аргументи, не нудат нешто што може тоа да го подобри за да навистина дојдеме на крајот за она, за што седнавме овде, пред неколку дена. Инаку, било каква расправа може да не одведе многу далеку. Да го

оставиме тоа можеби за едни подобри времиња, да го донесеме Уставот, а причините за донесување на Уставот ги образложи претседателот и јас за тоа не би зборувал. Во тој правец молам да ги усмерите вашите напори и го молам претседателот во тој правец исто така ја води седницата и ја усмерува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се прифаќа овој предлог?* (Се прифаќа).

Добро, ако се прифаќа, господинот Голубовски сака нешто да каже.

(Реагирање на пратениците од место).

Ве молам, ова е еден исклучок...

(Реагирање на пратениците да не му дава збор на господинот Голубовски).

Господин Голубовски, видете што станува во салата, ве молам господин Голубовски. Не сакаат никој да зима збор.

(Реагирање на пратениците).

Само он и никој друг. Само еден ве молам. Господо од ПДП-НДП моја голема замолница, само еден исклучок. И за вас исто така господо од ВМРО. Само еден исклучок нека биде, ве молам.

Молам, да му дадеме само пет минути.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ве молам ако можам да го искористам своето право бидејќи бев запишан на време за дискусија.

(Реагирање на пратениците).

Факт е дека ги поделивме луѓето, ги политизиравме максимално. Исто

така факт е. дека практично се наоѓаме во парламентарна криза. Нормално е да изнаоѓаме излез од таа криза. Ние може да форсираме една дискусија, еден процес и однапред да не даваме можност документот како еден државотворен документ да се донесе без да има поразени, но ако навистина ни е до македонските интереси и до тоа да се надмине оваа криза, мора да се согледаат причините кои што доведоа до ова.

По мое мислење за еден ваков документ мора да постои политички консензус на политичките партии и кога ќе се влезе во оваа сала требаше само да се усвои. Значи нешто е пропуштено во процедурата и тоа треба да се земе предвид и да се види повратно низ некоја анализа дали оттаму може да се појде да се најде некој излез нешто да се исправи. Исто така, сакам да потсетам на фактот дека практично најголем дел од проблемите кои произлегоа е од неприфатливоста на некои членови така како што се предвидени во Предлогот на Уставот, а се однесуваат на малцинските права. Оттаму само по себе е јасно дека македонската политика направи голем пропуст што не дискутираше за тие проблеми, што не се донесе една декларација за правата на малцинствата и пак како консензус да имаме една основа врз која што ќе беше изграден документот и прифатлив за сите.

Исто така, сакам да потсетам што се однесува до тоа дали ќе имаме европски документ ние и сега имаме таков Устав. Само да ве потсетам дека Сојузниот устав не така одамна беше реконструиран токму заради тоа да може Југославија како држава да биде прифатена во разни асоцијации во Европската заедница. Сите интервенции беа направени, а она што сакам да го кажам како поента е тоа дека Македонија беше единствена Република која што сто посто ги прифати тие измени и ги вгради во Републичкиот Устав. Значи македонскиот Устав веќе е европски документ према оние

критериуми што Европа ги бара. Она што беше оптоварено со функции од сојузен карактер, лесно можеше да се прочисти со еден уставен закон. Затоа јас и сега сметам доколку не се надминат кризите, треба без многу драматизирање да прифатиме можност, бидејќи тоа можно е брзо да се направи, да се обидеме да усвоиме еден Уставен закон во два члена и тоа член 1 ќе ја изрази желбата на македонскиот народ врз рефернрдумското изјаснување од 8 септември 1991 година дека сака да биде суверена и независна држава и дека ги признава,презема и почитува меѓународните акти со кои се регулираат човековите слободи и права и зема обврска да ги вгради во своето уставно уредување.

Но, да го искористам времето уште десетина секунди. Мислам дека она што не беше јасно овие денови, што е друго во врска со Уставот, а се осеќаше, мислам дека може веќе да го дефинираме. Тоа е после неколку месеци и искуство плурално, првата проба е една од политичките страни, во случајот левата коалиција да зададе еден сериозен удар на партнерите во Парламентот. Се работи за тоа да искористувајќи го донесувањето на Уставот да се компромитира изборната кампања на една од партиите односно да се докаже навистина дека таа била предизборна и да се оправда онаа слабост која што и доведе до релативен неуспех на првите избори во Македонија. Тоа треба да се земе предвид во понатамошното искуство.

(Реагирање на пратениците**).**

**СТОЈАН АНДОВ**:

Минаа петте минути за кои се согласивме да ве ислушаме господине Голубовски. Готово е.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Само да оддадам признание на господинот претседател. Ние и знаеме дека еден претседател на Парламент требаше да биде најпаметен, најинтелигентен и најкултурен во македонскиот Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Голубовски .

Ве молам, се договоривме дека нема да одиме натаму во. расправа.

Отворам претрес по текстот на член 2.

Бара збор господинот Арсов.

(Реагирање од место не му давајте).

По член 2 бара збор човекот, како можам да не му дадам збор, ве молам.

Отворам претрес по текстот на член 2, како не сме отвориле претрес.

Ве молам, дајте ми да ја водам седницата, молам, молам.

Господинот Арсов има збор.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господин претседателе, дами и господо пратеници. Не прифаќам вакво ограничување веднаш да поминеме на расправа по членот 2 затоа што сакам да потсетам дека на минатата седница во името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ јас овде официјално побарав седницата да биде одложена за два дена поради најавени консултации и со членството и должен сум овде не само во името на Пратеничката група, на Извршниот комитет, туку и на целото членство кое го консултиравме, како и во името на македонскиот народ кој ни изрази голема поддршка на бројните

телеграми,петиции  и лични обраќања и на масовната поддршка на она што ние се залагавме. Сето тоа за мене и за нашата Пратеничка група претставува голема обврска овој пат Парламентот да го запознаеме со тие наши ставови и со тие наши барања.

Дозволете ми во врска со тој член, за кој што како што образложив да го изнесам нашето мислење и да ги изразам овде нашите ставови.

Како што ви е познато на седницата на Собранието што се одржа минатиот пат, кога се водеше расправа по членот 1 поради причините и апсурдноста овде што ја доживеавме односно што еднаш веќе утврдениот член 1 од Уставот на Република Македонија со непримерното толкување на Деловникот се соочивме со еден досега невиден преседан тој член да биде поништен.

Сите аргументи и објаснувања околу повторното разгледување на член 1 и повторното гласање за истиот член, неприфаќањето на обновениот амандман за внесување на нов став во членот 2 и за определувањето на националниот белег на македонската држава како што ви е познато ја доведе нашата Пратеничка група во ситуација непомирливо да реагираме за така нарушената парламентарна демократија и да побараме одлагање на седницата со цел да ги извршиме тие потребни консултации за кои што овде во почетокот реков.

Во текот на изминатите три дена залагањето на нашата Пратеничка група Република Македонија да биде држава на македонскиот народ и на граѓаните што живеат во неа, доби безрезервна поддршка. Јавно изразената поддршка ни дава за право да опстоиме на нашите барања Република Македонија да биде држава на македонскиот народ и на граѓаните што живеат во неа.

ВМРО-ДПМНЕ како национална партија која изникна од редовите на македонскиот народ нема поинаков мандат освен да се залага и опстои на се она за што како национална партија се определи. Нашата Пратеничка група изразувајќи ги барањата на ВМРО-ДПМНЕ и на членството и на народот и на оној дел на народот кај кого ја доби поддршката да се залага, а таа обврска ја прифаќа и во иднина да се залага до крај да го остварува националниот карактер на македонската држава. Со право се поставува прашањето што понатаму. ВМРО-ДПМНЕ се декларира и останува до крај на заложбата дека новиот Устав на Републиката треба да се донесе, но истовремено во него да биде содржан и националниот карактер на македонската држава. Според нас не само преамбулата, туку и во нормативниот дел треба да биде оној дел во кој што ќе се пропишуваат правата, слободите, должностите и се друго во духот и демократските права на македонскиот народ вклучувајќи го и правото .на самоопределување и отцепување, односно националниот карактер на македонската држава според кој националното овде ние го сметаме во смисла на право на македонскиот народ на самоопределување.

Тоа секако е и во согласност со изразената волја на македонскиот народ на референдумот што се одржа на 8 септември и како такво право ние инсистираме да биде внесено и во Уставот како посебен амандман. Ние инсистираме и понатаму да продолжи постапката по текстот на Предлогот на Уставот, односно да продолжи постапката не по член 2, како што овде се предлага и како што инсистира претседателот Андов, туку по член 1, на кој член ние имаме поднесено амандман односно, секам да ве потсетам дека ние до крај не ја завршивме постапката по амандманот што го поднесов јас со господин Томислав Стефковски, во кој амандман во првиот дел ние

инсистираме Република Македонија да се дефинира како национална држава на македонскиот народ и на граѓаните што живеат во неа. Бидејќи тој амандман беше составен од два дела, вториот дел во кој што стануваше збор за државјанството на минатата седница, како што ви е познато, госпоѓа Ратка го повлече бидејќи таа инсистираше да биде овде разгледан и после како посебен амандман.

Тоа е нашиот предлог и стоиме зад него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво да ми дозволите да излеземе во врска со овој предлог. Овој предлог, кога дојде госпоѓа Димитрова предложи само ова што беше за државјанството. Ова е сега нов предлог на господинот Арсов. Меѓутоа, ние изгледа ќе мора да плаќаме цена на нечија упорност, па се догласвувам тоа во рамките на демократијата исто така, треба да се договориме да видиме како може да излеземе од сите овие наши стапици. Пред тоа, во својство со нашата определба сепак постапката да ја водиме до крај демократски.

Господинот Насер Зибери бараше збор, само јас го молам неговата интервенција да биде кон упростување на постапката, а не кон нејзино публикување.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господо, јас се извинувам почитуван претседателе, меѓутоа по се изгледа дека вие постепено подлегнувате на притисоците кој овде ги врши десниот блок. Првин принципиелно ја прифативме интервенцијата на господинот Љубица Иванов и се договоривме веќе да не расправаме така како што започнавме. Правевме отстапка би рекол и непринципиелно, му дадовте збор на Голубовски, а потоа рековте дека бара збор господинот Арсов за член 2, а тој овде ни држи лекции за митинзите кои ни се одржуваат пред Собранието како некаква поддршка. Клиќери за јајца не сакаме да ни се продаваат. Знаеме сите кои какви луѓе беа надвор од Собранието и каква поддршка беше тоа. И ние знаеме да собереме луѓе така пред Парламентот. Веројатно и социјалдемократите и сите партии кои сме овдека, зашто сите имаме симпатизери и имаме членство. Немојте вака да одиме, дајте да работите како што треба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам дефинитивно да се договориме. Прво, овде да се одлучува се, во Собранието и никакви митинзи и такви раб оти за одлучување. Втора работа што предлагам посебно на партиите чие членство претежно е македонско, овде има пратеници и пратениците од тие пратенички групи да не го спомнуваат македонскиот народ туку да ги спомнуваат своите избирачи, своите членови и симпатизери. Тоа е коректен однос спрема македонскиот народ, бидејќи ако некој зборува во името на македонскиот народ, тогаш треба да се укинат партиите. Партиите значи делење, партдел од македонски народ, од овој народ, од оној народ итн. Додека има партии, да не зборуваме за македонскиот народ како целина.

Ве молам имаме предлог од господинот Драги Арсов повторно да го разгледаме неговиот амандман заедно со господинот Стевковски што е даден, кој гласи: "Република Македонија е држава на македонскиот народ и држава на граѓаните кои се нејзини државјани"

Ве молам, го давам на изјаснување дели повторно да го гледаме овој амандман?

Кој е за нека крене рака? (37 пратеници се за)

За предлогот на господинот Арсов гласаа 37 пратеници, според тоа предлогот не е усвоен.

**Минуваме на член 2.**

Отворам претрес по членот 2. Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија, пратеничките групи на социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Реформските сили либерална партија, пратениците Мухамет Халили и Тодор Петров, Законодавно правната комисија,Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од пратеничката група од СДСМ и тој е составен дел на предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на членот 2 поднесен од пратеникот Мухамед Халили.

Господинот Стојков бара збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Му се извинувам на претседателот што 5 минути кревав рака, не ми ја виде раката дека ми е крената, меѓутоа сакам да предложам нешто т.е. да побарам го имам тоа право по член 127, исто така тоа право го користевте и вие минатиот пат ако се сеќавате па затоа амандманот на пратеникот Тодор Петров со поддршка од 10 пратеници го ставам на поединечно гласаше. За тоа да ве опоменам дека не е потребно гласање од Парламентот дали ќе го прифати ова мое барање или не, тоа е мое делчовничко право и го користам тоа право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојков го користи правото, меѓутоа тоа право не се согласува по амандманот на Халили, да се гласа за предлогот, за амандманот на Петров. Ние сега расправаме за амандманот на Халили.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Видете, господине претседателе, јас ќе морам да кажам уште еднаш, досега многупати овде кажав, вие си дозволувате да манипулирате со овој Парламент и ќе ви објаснам како, зошто и што.

Затоа што јас 5 минути дигав рака, а вие се правевте дека не ме гледате, погледот ви беше вперен во читањето, и преминувањето на членот 2. Јас пред да преминете тогаш дигав рака. Има сведоци тука и можат да посведочат. Ќе ве молам понатаму да не манипулирате на седниците на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, кога јас читам морам да гледам во хартијата, ако господинот Стојков има на друг начин да чита, негово е тоа право и способност. Јас кога читам стално гледам во хартијата, а кој тогаш дига рака тоа е негова работа, или мора да ме направите видовит, па да кога читам од хартијата да можам да гледам кој дига рака.

Ве молам, дали се согласувате ода амандманот на Халили да се вратиме на амандманот на Петров иако Петров не инсистира на таа работа.

Ве молам дали може така да се вратиме од амандманот на Халили на членот 2 да минеме на амандманот на Петров, ако тоа се усвои ве молам тогаш предлогот на Стоиле Стојков, пратеник во овој Парламент има снага.

Господине Стојков, ве молам дозволете сега да се изјасни Парламентот. Ајде нешто допуштете и покрај тоа што вие се изјаснувате и другите да се изјаснат (Стоиле Стојков истакнува дека е тоа негово право). Ваше право е прво, кога ќе дојдеме на тоа да прифатат да се расправа за тоа.

Молам, кој е за предлогот на Стоиле Стојков да се вратиме на амандманот на Тодор Петров.

Кој е за, молам да крене рака.

За гласа 5 пратеници. Според тоа, предлогот не е усвоен.

Одиме сега на предлогот на Мухамет Халили.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Халили. (реакција на пратениците во салата).

За тоа се разјаснивме. Вие тогаш нема да ми дадете да прочитам, тогаш треба да гледам само овде, никогаш да не прочитам ништо, тоа не може така.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Бидејќи сличен амандман е прифатен од Уставната комисија ми се чини од СДСМ мојот амандман го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи господинот Халили го повлекува амандманот, отворам претрес по амандманот на членот 2 поднесен од Законодавно- правната комисија.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го давам на гласање.

Кој е за, нека крене рака?

За гласаа 11 пратеници.

Според тоа, амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на членот 2 поднесен од пратеничката група РСМЛП. Бидејќи координаторот на пратеничката група ги повлече сите амандмани, објавувам дека овој амандман е повлечен и нема по него да се изјаснува Собранието.

Отворам претрес по амандманот на членот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Тодор Петров бара збор.(Тодор Петров го повлекува амандманот)

Според тоа констатирам дека по овој амандман не треба Собранието да се изјаснува.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Јакимовски Љупчо.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Бидејќи и јас претходно не добив збор, сега да го кажам тоа што сакав да го кажам околу барањето на пратеникот Стоиле Стојков за враќање на...,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е на дневен ред.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Јас тоа сакам да го кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Малку почитување кон овој Парламент. Ве молам,имајте почитување према Парламентот.

**ЉУПЧО ЈАКИВМОСКИ:**

Истата ситуација кога беше амандманот на пратеникот Симјановски, излезе пратеникот Поповски и се посомнева на резултатот и го прегласавме. Овој пат Стоиле Стојков се посомнева во резултатот не го прегласуваме. Зошто тоа така?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве ќе ви кажам, затоа што по амандманот на Симјановски дадов ка гласање, го консултирав Собранието и тоа се изјасни да се прегледа повторно и предлогот го дадов на Стоиле Стојков дали се согласуваат назад да се вратиме, не се сложи, имаше само 9 гласа Ете за тоа.

Го заклучувам претресот и текстот на член 2 го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака?

За,гласаа 96 пратеници.

Констатирам дека членот 2 го утврдивме.

Минуваме на член 3.

Отворам претрес по текстот на членот 3. Амандмани поднесоа на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Пратеникот Тодор Петров, Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесе од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на членот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров. Дел од амандманот на господинот Петров е усвоен во преформулацијата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа сакам да кажа, бидејќи во Уставниот закон ја прифативме определбата дека може да стане збор за една, единствена граница на Републиката затоа во став 2 постојните граници и во став 3 границите треба да се заменат со зборот "границата"

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е усвоено, јас се извинувам, очигледно не е внесено, тоа е техничка грешка. Според тоа немаме изјаснување по амандманот на Петров, бидејќи тоа е веќе во основниот текст.

Завршивме со претрес по амандманите, Дали некој друг бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на членот 3 го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака.

За членот 3 гласаа 101 пратеник.

Констатирам дека е утврден членот 3.

<u>Минуваме на утврдување на член 4</u>

Отворам претрес по текстот на член 4.

Амандмани поднесоа пратеничката група на СРМЛП, Комисијата за заштита на човековата околина и Комисијата за општествен надзор и претставки. Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од пратеничката група на РСМЛП тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот на Република Македонија. Колку сум известен и комисиите за заштита на човековата околина и Комисијата за општествен надзор и претставки ги повлекоа амандманите. (да) Според тоа, по амандманот не е потребно изјаснување.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 4 го ставам на гласање,

Кој е за молам, да крене рака?

За гласа 98 пратеници.

Констатирам дека членот 4 е утврден.,

<u>Минуваме. на утврдување на член 5.</u>

Отворам претрес по текстот на член 5.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ пратениците Тодор Петров, Драги Арсов, Томислав Стефковски, Комисијата за здравство, Комисијата за прашања на изборите и именувањето, Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно- правната комисија.

Комисијата за Уставни прашања го прифати амандманот поднесен од ЗПК и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот 5 поднесен од Комисијата за здравство.

Известен сум дека претседателот на Комисијата за здравство го повлече овој амандман. Според тоа по него не водиме претрес.

Исто така, амандманот на комисијата за прашања на избори и именувања е повлечен.

Имаме амандман од Пратеничката група од ВМРО-ДПМНЕ.

Ве молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

За амандманот гласаа 26 пратеници.

Констатирам дека тој не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратениците: Драги Арсов и Томислав Стевковски.

Молам кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (25).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандман на член 5 , поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Иако текстот на амандманот 6 по членот 5 од Уставот е скоро идентичен со амандманите на Пратеничката група на ВМРОДПМНЕ, сепак би сакал да дадам образложение по Предлогот што го имам поднесено заради тоа што со Декларацијата за сувереност на Република Македонија која што едногласно ја донесе овој Парламент на 25 јануари 1991 година, во членот 3 утврдивме следното: "Изразувајќи ја сувереноста на Република Македонија за утврдување на симболите на македонската држава, Собранието на Република Македонија ќе донесе нов устав во кој покрај другото ќе се определи општественото уредување и идните симболи на државноста на Република Македонија". Меѓутоа, од 25 јануари до денес ова Собрание воопшто не го постави на дневен ред прашањето за државните симболи ниту пак Уставната комисија која што беше задолжена да формира комисија за државните симболи и придонесувањето односно прогласувањето на новиот устав да ги имаме државните симболи на Република Македонија . Од тие причини, почитувајќи ја Декларацијата за сувереност која што ја донесе ова Собрание, а имајќи предвид дека имавме обврска да ги утврдиме со новиот Устав како уставна категорија и државните симболи, од тие причини го предложив амандманот на членот 5 со Предлог за утврдување на истите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уставната комисија после долги расправи и ислушување на експертите и целата експертска група дојде до становиште да го формулира членот 5 точно така како што е, а изборот на симболите да биде утврден со закон.

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВСКИ:**

Сакам да Ви обрнам внимание дека Пратеничката група на Либералната партија уште во месец мај поднесе иницијатива за менување на државните симболи. Меѓутоа, до ден денешен овој Парламент не се има изјаснето околу таа иницијатива. Јас многу жалам што истата пратеничка група ниту ја повлече иницијативата, ниту ја протежира на било кој начин.

За време на летото при отпочнувањето на дневен ред на една од седниците јас барав збор, но не добив и уточнивме се што било работено. Тогаш имав на ум и ова прашање да го потегнам. Сега повикувањето на високо школските институции, на центрите кои се учени со историја, со култура, со традиција, по малку е провидно. Јас претполагам дека вие и бегате од тоа оваа држава да си добие традиционални белези. Ако една година веќе постои овој Парламент, редно беше да се определи, ако веќе не можевме околу Влада да се договориме, еве и околу Уставот има толку перипетии, барем на еден цивилизиран начин да ги уходавме институциите во државата да определат кои ќе бидат симболите. Денес веќе после толку долго чекање се наложува прифаќањето на вака предложените симболи. Толку имам јас од мене до Вас.

Само уште ќе порачам дека овие симболи предвидени за грб едноставно се историски и нас не поврзуваат со милениуми. Ние не сме настанати сега пред краток временски период, ние постоиме долго и нема ништо грешно во тоа предложените симболи како што ги опишува господинот Петров, а претходно беа опишувани и од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, овие симболи да не бидат прифатени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Пратеничката група на Либерална партија беше даден на уставната комисија која го отстапи на експертската група и таму беше поучен и беше предложен оној став кој Комисијата го усвои, и овде јас го соопштив, од причина што има многу опишувачи на симболите: историската наука, архитектура, сликарство, треба да дадат мислење и е заземен овој став што е предложен во Предлогот на Уставот. Тоа е што се однесува до иницијативата на Реформските сили Либерална партија.

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (30).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Текстот по членот 5 го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака?(100).

Констатирам дека членот 5 е утврден.

Преминуваме на утврдување на членот 6..

Отворам претрес по Текстот на членот 6. Амандман по членот 6 поднесе пратеникот Михаил Пановски.

Дали пратеникот Михаил Пановски, го повлекува амандманот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што моите амандмани членот што се однесува за главниот град, членот 6, понатаму на членот 56, кој се однесуваше на сопственоста и на член 118 за статусот на градот Крушево, не поминаа на работните тела, јас тие три амандмани ги повлекувам. (аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Пановски.

Бидејќи нема амандмани по овој член, го заклучувам претресот и членот б го ставам на гласање.

Молам, кој е за членот 6 , да крене рака?(103).

Преминуваме на утврдување на членот 7.

Отворам претрес по текстот на член 7.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ПДП-НДП, ВМРО-ДПМНЕ, РСМ- Либерална партија, Социјалистичка партија на Македонија, пратениците Наум Симјановски, Џеладин Мурати, Фериз Садику, Кирил Ковачевски, Ештреф Алиу, Ванчо Младенов, Тодор Петров, Драги Арсов, Томислав Стефковски и Владимир Голубовски. Понатаму Комисијата за внатрешна политика и 0Н0, Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за општествено- политички систем.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен на членот 7 став 1 од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана, Пратеничката група на РСМ-Либерална партија, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, пратениците Наум Симјановски и Драги Арсов и Томислав Стефковски и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по амандман©т на член 7 поднесен од Пратеничката група на ПДП-НДП.

Молам, кој бара збор?

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Земајќи збор сакам да придонесам проблемот на употребата и статусот на албанскиот јазик да се разјасни и решава во Македонија со овој устав. Нерешениот статус на албанскиот јазик во Македонија во прогласувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија од 1989 година, кои амандмани се усвоени против волјата на албанците во Македонија, амандманот 43 и против сите меѓународни документи и конвенции за употребата на јазиците, „ кој амандман албанскиот јазик се става во дискриминаторска положба. Сето ова создаде далекосежни политички последици за Македонија, кој создаде многу ладна клима и недоверба во меѓународните односи кои сега ги чувствуваме и ќе ги чувствуваме во едно догледно време. Не знам во Македонија зошто и на кого му причинува задоволство нерамноправноста на немакедонците, а посебно нерамноправноста на албанскиот јазик. Не знам зошто Македонија се сака да се избегне од реалноста дека албанците и албанскиот јазик си имаат своја историја и традиција на својата употреба и соодветна територијална распространетост. Мене лично рамноправноста ми причинува задоволство.

Задоволство ми беше кога во "Нова Македонија" на 11.11.1991 година, прочитав за рамноправноста на македонскиот јазик со другите јазици во Австралија.

За оние овде во Парламентот кои ја бранат тезата една држава еден јазик, со која бараат и оправданост за дискриминацијата на јазиците, а со тоа Македонија наместо да ја водат чекор во чекор со другите Републики во Југославија и современиот свет во полето на употребата и статусот*на јазиците, го прават обратно. Еве неколку примери кои го потврдуваат тоа.

Имам два примери од два порестриктивни устави Хрватска и Србија.

Во новиот Устав на Република Хрватска, член 12, став 2 вели: "Во поедини локални единици, освен хрватскиот јазик и латиничното писмо во службена употребата може да се воведат и другите јазици и кириличното писмо".

Исто така, во новиот Устав на Србија, член 8, став 2 гласи: "На подрачјата на Република Србија каде живеат народносите во службена употреба истовремено се и нивните јазици и писма". Исто така е и со Уставот на Словенија и БиХ.

Шетајќи по приморјето и Словенечко и Хрватско, секаде паѓаат во очи означите на патиштата кои се напишани и на Италијански јазик.

Исто така ќе се опслужам и со некои примери од светот. На пример во Австрија во подрачјата каде што живеат припадниците на словенската и хрватската националност овие јазици се официјални. Ист е случајот во Италија , со францускиот јазик во долината Аоста и германскиот во областа Болцана. Тие имаат еднаков статус со италијанскиот јазик.

Ви Израел арапскиот е официјален јазик на државата и е рамноправен со еврејскиот. Во Нов Зеланд, маорскиот со околу 10% население, е рамноправен со англискиот. Во Канада ист случај е со францускиот јазик. Во Финска со шведско население околу 7%, шведскиот јазик е во се изедначен со финскиот. Исто така, во Швајцарија каде што четири јазици се прогласени за национални јазици и многу други примери кои ни овозможуваат да констатираме дека рамноправноста на јазиците во едно многунационално општество не мора да биде хендикепот за комуницирање, туку предност. Не мора да згрозува други јазици, туку да претставува богатство на општеството во кое се употребуваат овие јазици. Не сакам да земам неколку примери од афричките земји, бидејќи мислам нема потреба.

**ТРАЈАН МИЦЕВ£КИ:**

Овој настан што сега го носиме во овој устав со воведувањето на двојазичноста, па макар што претходниот дискутант рече дека во оваа земја има итн. Зошто нема докази за тоа? Така и јас можам да набројам земји колку сакате и да кажам во Америка има, во Австралија има, во Германија има, но сето тоа треба да се поткрепи со аргументација.

Сметам дека ние веќе од основното образование и средното ако одиме на тоа да им дадеме на сите , тогаш зошто на пример не му дадеме на Крушево со околината, тоа е исто така многу национално и 100% можам да речам, зошто не воведеме и таму службен јазик да биде и национален влашкиот јазик.

Во околината на Скопска Црна Гора и други имаме таму полно српски села. Зошто ги обесправуваме нив и не им дадеме српски јазик.

Во Битола, Прилеп и други места има по 5-6 иљади Роми. Зошто и тие ги издвојуваме од тој дел. Кога даваме двојазичност службен јазик, сметам дека ако сакаме да бидеме исправни и пред светот и кога велиме дека овој Устав е најчист и само ваков може да биде чист , а никако поинаков, овде не може да биде привилегована само една националност и сатло на неа да и дадеме толкави права, а на други не. Ако таа нема национални побуди со барањето на двојазичноста и со средно^и високо школство, кога тие толку велат дека сме македонци, зошто на пописот не излегоа, зошто на референдумот не излегоа и каде ќе бараат тие вработување со оформување на средно и високо образование кога велиме дека оваа држава е Македонија и работодателите и стопанствата се македонци. Каков јазик ќе се употребува во тие работни организации со ваквата постапка. Јас сметам дека голема историска одговорност носи овој Парламент пред македонскиот народ со ваквата работа и во иднина, историјата ќе докаже, за тоа ќе бидеме осудени.

Да не должам многу сакам да покажам дека , еве што се дава во Албанија. Кога велиме дека таму дури во основното образование што е само до четврто одделение и таму се се пишува текстот на албански јазик, еве едно свидетелство издадено во Албанија, па тие отишле дури дотаму, не само што се се води на албански јазик, туку и презимето се води на албански. Само името се води на македонски. Еве на пример место Несторoски, пишува Нестори. Ова свидетелство што го имам тука е издадено во 1990 година. А еве имам исто такво свидетелство издадено во 1988 година Зошто и не се даде и таму средни школи и таму двојазичност и таму службен јазик. Значи само во Македонија се се бара, се може да се направи во Македонија, а таков е нашиот менталитет македонски мек, кој што сака нека бара и се ќе му се удоволи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ:**

Господина претседателе, дами и господо пратеници, ние со денови зборуваме за сериозноста на задачата како и одговорноста пред задачата која што ни е поставена; Мали невистини, потполно ќе го потпалат народот и ќе предизвикаат додатни проблеми и покрај товарот што си го имаме цело време на плеќи. Никаде во членот 7 не пишува дека на албанците им се дава јазик во локалната самоуправа, заради тоа што најверојатно мојот колега пратеник не го прочитал. Пишува во членот 7 дека во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозинство живеат припадниците на националности, па и на тие срби за кои зборуваше и на ромите за кои се зборуваше и на турците итн. итн., и сите оние што се националности и во смисла на национални малцинства.

Меѓутоа, изглегов на говорница од следните причини. Ова се престручни, пресложени проблеми. Не може секој од нас слободно да ги интерпретира на говорница. За тоа се тука претставниците на експертската група. Затоа е тука претседателот на Уставната комисија И молам во такви клучни моменти, тие што го подготвија текстот на Уставот и претставникот, претседател на Уставна комисија каде што овој текст е прифатен во такви клучни моменти да дадат доследни образложенија и за нас пратениците и за целата јавност, за што всушност станува збор. Не смееме повторно да залутаме во тие матни води во кои што лутаме со денови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не лутаме, човече. Ве молам...

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Дозволете, овде се зборува дека се дава двојазично само

на албанците, а претседателот не интервенира. Тоа се страшни проблеми. За тоа и тоа ќе ни донесе страшни проблеми. Станува збор за сите националности. Не е тоа шала, така да се интерпретира.

**ЃОРЃИ НАУМОВ**: (од место)

Во Македонија нема чисти српски села.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Тоа е друго не сакам да дискутирам. Овдека е точно кажано како ќе се регулира понатаму начинот на употребата на јазиците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, јас не треба да интервенирам и не можам токму по секој дискутант. Тоа е една работа. Второ во уставот јасно пишува и секој може да види. Трета работа господинот Мицевски многу убаво кажа оти ако е така како што пишува во уставот, на сите \ националности, тоа е светски устав. По сите светски мерила тоа е точно и убаво е тоа. Човекот тоа го поздрави. Сега за Албанија, оти таму помалку е ние ќе бараме од Албанија, а нема да одиме ние кон Албанија, туку Албанија да ја привлечеме кон нас.

Има збор господинот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитуван Претседателе, почитуван член на Претседателството на Југославија, почитувани пратеници и останати.

Јас малку ќе се задржам во мојата дискусија и во начело ќе го поддржам предлогот на Амандманот што е даден од нашата пратеничка група. Македонското општество преку овој Парламент иако баш со завиден успех, во што имавме прилика да се увериме, деновиве чини напори да донесе устав, кој покрај тоа што ќе ја чини Македонија самостојна граѓанска суверена и демократска држава, се стреми на Републикава да и обезбеди

влезница кон Европа. Носењето на нов Устав, меѓу другото, има за цел Македонија како суверена и самостојна држава да стекне услови кои воедно ќе значат и нејзино меѓународно признавање, а исто така и нејзина меѓународна афирмација, обезбедувајќи притоа гарантираше на човековите права, граѓански слободи и национална рамноправност, обезбедување на мир и сожителство на Македонскиот народ со националностите кои живеат во Републиката, обезбедуваше на социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и на заедничкиот живот.

Предлогот на парламентарната група на ПДП и НДП, односно понудениот амандман на член 7 од предлогот на уставот на Македонија, не претставува ништо друго, туку ангажирање по право втемелување на одредбите на преамбулата на уставот за Македонија, од една страна и од друга страна, како што вели професор Поповски би рекол, претставува практикувано право. Примери за тоа има многу. Еве неколку статутите на општините во кои живеат албанци, практиката на издавање званични документи како што се Свидетелствата во школите, разните потврди и уверенија и др. Потоа разните упатства на производите, за југословенскиот пазар кои што се напишани на јазиците на сите народи на Југославија, на албански и на маџарски јазик. Сигурно дека тоа не е направено сосема случајно, туку од практични причини. Потврда на набројаните примери се и пратениците на ПДП и НДП кои што седат во ова Собрание, кои повеќе пати речено го завршиле своето образование на мајчин јазик управо во Македонија и да додадам дека не се ситни глувчиња како што вели односно се изразува господин Голубовски, кои што очито изгледа, залутал овде, туку тие се интелектуалци...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да не прозивата имиња.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Кои одамна заодале, дури би рекол заодале многу порано дури пред 1912 година.

Имајќи ги предвид горните па и другите, тука не наброени, бројни моменти и факти ги повикувам сите пратеници на овој Парламент да го прифатат предложениот амандман со што, не само што ќе придонесат за меѓусебното разбирање и во праксата потврдено со жителство, туку за нас Албанците ќе постават обврска повеќе од вас сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, уште во почетокот сакам да кажам дека Македонија како држава е создадена врз основа на три народи и три јазици, македонски јазик, албански и турски јазик. Заради тоа треба да се води сметка за јазиците и нивните писма. Јазиците се богато културно наследство кое треба да се чува и со голема одговорност, да се заштитуваат и негуваат.

Проблемите што се поврзани со јазиците се тесно поврзани со меѓунационалните односи. Заради горе изнесеното мислам дека албанскиот јазик и неговото писмо треба да најде адекватно место во членот 7, потполно рамноправно со македонскиот јазик во сите места каде живеат албанците. За мене не сфатливо е тоа кога некои поединци јазиците ги делат на големи и мали, службени и неслужбени, државни и недржавни. Знаеме сите дека тоа се унитаристички сфаќања. За мене има само јазици кои што служат за разбирање, меѓусебно разбирање на луѓето во сите сфери на животот. Тие кои не ги респектираат јазиците на својата средина со ништо не придонесуваат за зближувањето и почитувањето на сожителството. Да се негира јазикот на својот вековен сожител и на првиот

сосед, кој во овие бурни времиња се покажа како единствен пријател, за разлика од другите соседи кои не му мислат добро ниту на Македонија ниту на македонците. За мене таквата политика е неприфатлива и без иднина. Па затоа Република Македонија треба посмело да се корегира во сферата на политиката за јазиците кои се богатство што го разубавува ова поднебје. Оттука е реална и потребата за повисок степен на разбирање и поадекватна практична примена. Со рамноправноста во у потребата на јазиците Македонија си добива голем углед во Европа и во светот, а внатре се обезбедува мир и почитување од сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Почитувано колеги, почитуван претседателе, не сакав да дискутирав опширно за ова, само имам некои аргументи за употребата на јазикот веднаш после војната, зашто од оваа говорница беше изнесен дека правото што сега се стекнува јазикот. Еве имам едно свидетелство од 1945 година на кое пишува Д"фтес, па потоа Свидетелство, потоа име и презиме, се е напишано на албански. Исто така имам свидетелство од 1948 година на кое е напишано Дафтес, а да не зборуваме за Уставот од 197 4 година. Имам уште аргумент за една национална држава на пример Хрватска, со тоа како е решен овој проблем во една мала општина каде што околу 10% од жителите се Италијани, и еве еден документ особена карта а потоа стои "карта дидентитата". Значи е напишано на Хрватски а после веднаш на Италијански. Исто така мојата лична карта издадена овде во Македонија кога важеше двојазичноста пишуваше исто Социјалистичка Федеративна Република Југославија, име и презиме се на кирилица. Тоа се почитувани колеги аргументи, а како ќе ги решиме ние, се тоа ќе зависи од нашата демократија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Арслан Селмани се откажа од дискусија има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, значи дојдовме до спорното прашање. Поради кое повеќе пати беше одложено Собранието. И првиот амандман кој треба да го расправаме, ние само говориме дека постои амандман. Меѓутоа, никој од нас иако текстот ние го имаме пред себе, напишано не се обидел никој да види што е содржината на тој амандман, и поднесен од пратеничките групи ПДП и НДП. Се изнесуваа овде аргументи за стечајно право. Како правник знам што значи тоа. Меѓутоа, стои и една друга обврска, кога ќе набујат такви работи кои секогаш предизвикуваат одредени проблеми во една животна или територијална целина, да се изнаоѓаат најдобри начини тоа да се разреши. Ако вака продолжиме да истакнуваме кој што стекнал што нема и што има, навистина ќе имаме и понатаму проблеми, без оглед дали овој амандман ќе го прифатиме или ќе го одбиеме со гласање.

Кога реков да се прочита, сакам само едно да кажам во Република Македонија во службена употреба е македонскиот јазик и кириличното писмо, а во местата каде живеат албанци во службена употреба и албанскиот јазик и неговото писмо. Овде јасно се гледа што е напишано. Кога се зборува за практична примена и забелешките дали се работи за некаква употреба на јазиците на малцинствата или двојазичност, овој амандман е навистина школски пример да се види што значи двојазичност на една државна територија. Се даваа повеќе објаснувања каде имало 1, 2,3 или повеќе јазици. Меѓутоа основ за создавањето на тие јазици никој не се обиде тоа да го објасни. Кога реков дека мора да се најде причина за разјаснувања, еден од примерите за ваква работа и за културно разјаснување, ако некој бара сожителство каде постојат повеќе вакви

групации е да се државниот орган на власта, а ова е Собрание, е во тој случај сите заедно да се одлучиме на бројот на службените јазици. И откако тоа ќе го направиме да се одлучиме кои од тие броеви односно кој јазик ќе биде службен или службеник. На ваков начин се разрешува демократскиот начин на утврдување на службениот јазик со кој ќе кореспондира државата со граѓаните, не водејќи сметка дали се работи за народ, малцинство или други групации. Што значи дека во ваков случај луѓето кои што имаат намера да живеат трајно во една економска и политичка заедница се одлучила за изборот на јазикот со кој ќе се служат и ќе работат во таа заедница. После таквата одлука значи се надминуваат основните услови за создавање на непријатности и слично. Така повеќе нема да има приговори некој на некого му дал, некој на некому му зел, некој има повеќе, а некој има помалку право, Затоа што Парламентот одлучил така да биде. Ако парламентот не е во можност кој ќе биде еден или повеќе јазици, ако сакаме да добиеме пак демократска разврска, немам против тоа да се утврди по пат на референдум. Ако имаме таква смелост да избереме еден службен јазик, да не замеруваме кој јазик ќе биде тоа, тогаш навистина ќе имаме разбирање по овие прашања.

Овде, верувајте, ако вака се прифати амандманот, навистина веднаш стануваат и се создаваат односно поставуваат прашањата кој изгубил а кој доби. Навистина ќе имаме надгласување и прогласување. А ако се одлучиме на еден два или три јазика тука нема што да правиме. Јас како граѓанин кој што ја сфаќа демократијата во најширока смисла, за надминување на недоразбирањата предлагам овој амандман да не се усвои. Причините што ги кажав, ги кажав во што се, а што господин Трајан кажа што се работело во Албанија во однос на Македонците, јас не сакам

тоа да се чини. Што ќе се работи овде со малцинствата, на исти однос, не сакам да говорам. Јас имам темелна теза да се одлучиме на еден службен јазик, без некој да се увреди кој ќе биде тој јазик. Што ќе биде со употребата на другите јазици, природното право на човек е што никој ле може да му го земе. Ние не одиме на улица, ќе сретнеме некој, да не го говори службениот јазик тој што ќе го утврдиме овде на Собрание, ако не го употребува па да го апсиме, или да би^е прогонот за таа работа. Сакаме да имаме еден службен јазик кој што ќе го почитуваме сите како свој државен јазик. Тогаш ќе докажеме дека сите имаме намера да живееме под еднакви услови и во една заедница. Во однос на тоа толку, а кога ќе дојде за другите амандмани ќе зборувам посебно.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред се би ги замолил пратениците да водат сметка дека слушателите и гледачите овој текст на Уставот за кој дискутираме не го поседуваат и често пати, барем во бројни контакти што сум ги имал во овој период луѓето едноставно се збунети, бидејќи преку телевизијата и радиото добиваат различна интерпретација и различна информација. Затоа, за да бидам јасен до крај што сакам да кажам и својот став во однос на ова само би сакал да потсетам за предлогот што е во уставното решение дека во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

Во вториот став дека во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозинство живеат припадници на националностите во службена употреба, покрај македонскиот јазик и кириличното писмо се и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон.

Трето, во единиците на локалната самоуправа во кои како значаен број живеат припадници на националностите во службена употреба покрај македонскиот јазик и кирилното писмо се јазикот и писмото на националностите, подвлекувам под услови и начин утврдени со закон. v

Амандманот што се поднесува, по мое мислење, не е прифатлив од следните причини:

Прво, не би сакал во овој случај да спорам, меѓутоа мислам бидејќи беше искажана една мисла дека Македонија е држава на три народи и три јазика не знам зошто повторно иритации се прават во оваа сала, а мислам

дека е доволно јасно и историско факт е се знае на кој начин насанала оваа држава и чија е оваа држава во еден историски контекст, а денеска говориме за еден граѓански концепт на Републиката во која сите граѓани подеднакво уживаат исти права по Уставот и законот. Мислам дека не би требало со такви искажувања прво, да ги доведуваме во прашање субјективитетот на македонскиот народ, а друго да ги обезвреднуваме сите други националности кои живеат во Република Македонија. Од тие причини мислам дека и во тој контекст овој предлог се вклопува. По мое мислење е неприфатлив од следната причина:

Прво, по решението од Уставот што се дава мислам дека еднаков третман добиваат сите националности во однос на употреба на службен јазик. Конкретниот амандман што се предлага се бара мајоризација во однос на албанскиот јазик во однос на јазиците на другите националности. Не гледам ни една причина зошто тоа албанскиот јазик би го добил. Претпоставувам инсистирањето за ваков посебен третман или мајоризација на албанскиот јазик во однос на јазиците на другите националности произлегува од бројноста на албанската народност или националност што живее во Македонија. Меѓутоа, овој јазик ќе се употребува во локалната заедница според тоа, од тој аспект треба да се цени и рамноправниот третман на јазиците на сите националности. Според тоа, ќе има локални заедници каде 100% ќе бидат ромите на пример. Некаде ќе бидат и другите националности како на пример Турците, Власите, според тоа не знам кој е тој критериум зошто албанскиот јазик посебно би имал третман во однос на јазиците на другите националности. Мислам дека токму припадниците на

албанската националност би требало да се залагаат за еднаков третман на јазиците на националностите во службена употреба во сите локални заедници под исти критериум и. ист принцип. Во спротивно мислам дека било каква мајоризација би ги довела вкупните меѓусебни односи во прашање, а во конкретниот случај јазиците на националностите се изедначуваат со македонскиот јазик во оние локални заедници каде што прво, мнозинството од тие националности кои живеат односно во значителен број каде ќе бидат во основа и на начин ќе се утврди конкретно со законот.

Според тоа, законот ќе овозможи без разлика на бројот во едно крушево, бидејќи беше поставено прашање без разлика што бројот на Власите во Македонија не е голем, во законот диференцирано може да се даде право во Крушево, бидејќи сега се концентрирани Власите во најголем дел Власи живеат во Крушево и може во Крушево да се употребува влашкиот јазик како службен јазик покрај македонскиот јазик. Или за Турците и не знам во која локална заедница. Од таму мислам дека нема сериозни основи за таква диференцијација што се прави во овој предлог од страна на пратеничката група и мислам дека би требало да го поддржиме основниот предлог во законот инаку, давам целосна поддршка покрај македонскиот јазик во сите локални заедници каде што живеат националностите во значителен број да можат службено да употребуваат свој мајчин јазик, како што е во предлог Уставот.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитуван господин претседателе, претседателе на Владата, министри и пратеници. Излегов на говорница да кажам јасно и гласно дека ниту Експертската група ниту било кој во оваа

Република Македонија посериозно се позабави со проблемот на рамноправноста на јазиците. Тоа го потврдува и предлогот кој е изнесен во Предлог- текстот.

Под проблемите почнаа да се гледаат од аспектот на заладени меѓунационални односи на изгубена меѓусебна недоверба се остави простор да се слуша повеќе позицијата која е заземена однапред,се зборува со емоции а малку простор и место на науката и на разумот.

Ми се чини и со членот 7 се пропушта, без потреба, една шанса проблемот од научен аспект да се реши како што треба, му се допаѓа тоа на Ешреф Алиу или не. Од тука на говорница се кажуваат многу зборови кои немаат никаква потпора во научни сознанија особено на полето на лингвистиката. Впрочем, да не го злоупотребам времето, а за културата на јазиците,"за политиката на употреба на јазиците, за социолингвистички услови на употребата на јазиците во едно повеќанационално општество или повеќенационална средина ако се даде шанса можеме да зборуваме врз база на факти на најнови научни достигања.

Ми се чини дека толкувањето на последниот дискутант малку е тенденциозно заправо сака да сврти внимание на нешто што апсолутно не држи кога се предлага амандманот и се употребува само зборот албански јазик се оградува од другите исто од говорница да не стане некој да каже што вие барате во име на другите. па, дозволете тоа да ни биде јасно нема никаква цел за мајоризација, бидејќи тој збор, таа мајоризација фактички може да најде потпора во практична употреба на македонскиот јазик кон другите јазици, а не може на друг јазик кон втори, кон трети, кон четврти. Во Република Македонија до ден денеска не сум бараат нови права, ценам

дека од научен аспект апсолутно со вистината нема ништо заедничко. Сите овие пратеници бараат права од оние кои веќе тие права кои веќе во оваа Република сме ги уживале, оние права со кои оваа Република била пример во југословенските рамки, во Европски и во светски, оние права кои можат и ден денеска да дадат потполна виза на политиката која макотрпно ја гради оваа Македонија за ситните чекори во меѓународни простори што ги усвојува од ден на ден да сфати таа Европа дека на овој Балкан и на оваа мала Македонија во едни времиња за работи кои сега тој европски ум и политичка памет нуди решенија, овие работи се надминати во тие простори. Ние не сакаме оваа шанса да ја искористиме. Таа ни се потсмева пред нас не нуди, а ние тврдоглаво тука треба да излеземе со сила на аргументи и без нив да напаѓаме едни други и да се караме. зарем се уште не е јасно дека во овие простори сите јазици биле рамноправни, тоа е правило. Мене лично ниту на пратениците во ни една прилика ниту била тема на дискусија ниту може да ни дојде на ум во државна комуникација да се употреби било кој јазик освен македонскиот. Но, тука работите навлегуваат во други сфери чувствителни кои по се докажуваат дека не успеавме барем да ја создадеме онаа претходна потребна атмосфера на мирно размислување на повикот или на пошироко присуство на зборот и достигањата на науката.

Затоа, предложениот член е прифатлив и заправо јас да не земам два пати збор има и амандман со друга формулација кој заправо на сите други не им дава за право да размислуваат дека ние бараме мајоризација. Кога ќе дојдеме на тоа ќе имаме прилика да се потсетиме. За сега благодарам.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господин претседателе, господо пратеници, немав намера да станам да дискутирам по однос на овој амандман што е поднесен од страна на пратеничката група ПДП-НДП, меѓутоа сакам да кажам дека ние во досегашната дискусија не зборуваме аз овој амандман кој ни е доставен, повеќе се држиме на членот 7. Ние на минатата седница побаравме 2 дена за да се консултираме со нашите избирачи поготово ние кој сме од мешаното население.

Што се однесува до членот 76 ние се консултиравме, не е точно дека македонскиот народ не го знае тој член. Тој член беше напишан, искажан и беше презентиран од наша страна на сите наши избирачи.

Што се однесува до мојата изборна единица за членот 7 е прифатлив само ставот 1 додека другите два става не се прифатливи. Неприфатливи се поради тоа што се нуди покрај македонскиот јазик и криичното писмо да биде во употреба и јазикот на националностите. Тоа е едно.

Долу во третиот став пишува дека таму каде има повеќе националности, сега да не го повторувам тој член.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:** (продолжение)

Што се однесува до тоа што се кажува дека не с е врши никаков притисок од албанското малцинство јас велам дека се врши. Во нашиот крај, имавме ние едно село Бачиште, во тоа село не знаеја ниту еден на албански јазик. Во последно време, пред неколку денови така да речам и недела нека има,и две, таму беа наши учители, 8 души кои го водеа училиштето на македонски јазик Меѓутоа, притиснати сега од страна, на, се оградувам, не знам точно, притиснато тоа население таму, ги избркува сите 8 души од таму и им вели дека нема повеќе да предаваат таму. Ќе си одат дома а тие ќе го учат албанскиот јазик.

Замислете господа пратеници, 45 години во тоа село се зборуваше чисто македонски јазик, што и самите ние македонци во Кичево не можевме да зборуваме повеќе за тоа што сме од разни места дојдени, од разни села и секој си има свое наречје. А, таму, чисто македонски се зборуваше. Замислете сега каков притисок е извршен врз тој албански народ таму да се зборува односно да се учи на албански. Луѓето се избркани.

Тоа сакав да го кажам бидејќи овде се вели дека не се врши никаков притисок од страна на ПДП и НДП, можам слободно да речам од тие две партии.

(Пратеникот Оломан Сулејмани бара реплика)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се договоривме за целата седница дека реплики нема. Има збор господинот Шабан превала.

Ќе добиете збор да кажете што сакате, но немојте да влагате во дуел со него.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги и гости.

Јас само сакав да помогнам во оваа работа, колку е можно но пред тоа да потсетам дека ние фактички многу очекуваме од овој Устав и како граѓани и како националности. Затоа, можеби со право своевремено го нарековме устав на надежда, затоа што кога год расправавме за прашања, особено од доменот на меѓунационалните односи и за закони што регулираат матери^а од доменот на правата на националностите, ние секогаш, само да потсетам, велевме дека тоа прашање со уставот ќе го решиме.

Еве, Уставот е пред нас. Шанса е низ овие разговори да се договориме. Јас реков уште при моето првото пледоаје дека ова е шанса за договор. А, ние мораме, расправајќи по сите овие суптилни прашања врзани со материјата на уставот, секако мораме да брзаме по малку затоа што конечно мораме да преминеме кон разгледување, расправа и донесување соодветни решенија за прашања врзани со нашиот живот. Да преминеме на таканаречените економски прашања.

Но, истовремено мора да водиме сметка, расправајќи по прашања врзани за уставната материја, да водиме сметка да обезбедиме право на легитимитет пред Европа кон која се стремиме и во која сакаме да влеземе, да станеме рамноправна членка како суверена и самостојна Република Македонија. Мислам дека отстапување од таа определба нема. Сите се договоривме барем во тој поглед имавме целосен консензус, ако можам така да кажам.

Но, видете, таа Европа поставува горе-долу и некои правила на игра. Да кажам така малку и построги услови за влегување во Европа. Во Европа, убаво беше речено во претходните расправи не можеме со сиот наш багаж

кој обилува со доста шаренило. Ние мораме да се приспособиме, да обезбедиме соодветни стандарди, затоа што пак ќе подвлечам дека таа може да не прими само како такви. Заради тоа таа Европа во последната верзија на документот за условите под кои ќе влегуваат идните држави, новите држави, меѓу кои и нашата Република, веројатно тоа го воочивте, предвидува и одредени норми во областа на правата на националните и, како што се вели, националните и етничките групи.

Во членот 2 од овој генерален аранжман што деновиве го објави "Борба" од 6 ноември, тоа е последната верзија колку ми е мене познато, во членот 2, точка 6, потточка 3 стои дека Републиките на лицата кои припаѓаат на националните и етничките групи ќе им гарантираат следни права и меѓу другото вели дека сите културни права, така како што се утврдени во инструментите спомнати во параграфот 2 во овој член. Посебно е овде подвлечено правото на идентитет, култура, вероисповест, употреба на јазикот и писмото како во јавниот така и во приватниот живот и право на образование. Значи една од нормите е и таа. Ние мораме да ја почитуваме оваа норма доколку не сакаме подоцна, откако ќе го усвоиме уставот, макар и со дефекти да не мораме после да го менуваме, веднаш да покренеме постапка со амандмани за менување на тој устав. Меѓутоа, бидејќи ние се подготвуваме за во Европа, мислам дека треба да водиме сметка толку колку што можеме да ги усогласиме во оваа фаза текстот на уставот со ова што се предлага од Европа.

Ова, дотолку повеќе што мислам дека за прв пат, еве сега ќе речам ни се дава можност сами да изградиме оригинална политика на однесуваше, сами да си го средиме животот независно од било кој, како што беше случај до сега. Сега сме сами како Република, самостојна и суверена, упатени сами на себе да го уредиме животот како што нам ни одговара, сега и во иднина. Затоа што тоа заедничко сожителство не може да се базира, така

да се каже, само на празни зборови. Мора на некој начин да се материјализира, да се осмисли, меѓу другото и со регулирање на прашањата од доменот на меѓунационалните односи така како што нам ни одговара и како што во случајов нам ни наметнува Европа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Морам да се јавам и да реплицирам на колегата Вецко Личовски...

**СТОЈАН АНДОВ:**

немојте да реплицирате. Објаснете.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Тоа е објаснување. Се работи за селото Бачишта. Бачишта, заради објективното објаснување е село со албанско население. Толку е интернационализирано и толку е сторен геноцид врз населението, само да се појде во село бачишта и да се види какво мислење имаат тие за себе. Значи дојде време Бачиштани сами да решаваат за своите проблеми и да кажуваат кои се. Не останува колегата Вецко да кажува. Меѓутоа, бачиштани овој проблем барале да се реши уште во 1946 година да учат на својот мајчин албански јазик. Тоа не му го дозволиле. Барале и во 1956 година, исто така не им е дозволено...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Сулејмани...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**:

Да, за тоа министерството за образование е запознато. Не презело никакви мерки.

(Во салата настана вознемиреност) Само уште една минута ве молам. Јас лично, како нивни претставник сум зборувал со потпретседателот Блаже Ристевски, ни тој немаше време да се зафати со

тој проблем. Исти случаи имаме и во Горна Река 17 села. Особено што тоа се албанци православни а учат на македонски јазик. Беличица, Ничевар итн. Меѓутоа, друг ден ќе расправаме и во друга прилика ќе расправаме за такви огромни проблеми. Затоа, колегата Вецко, почнувајќи од вчерашната седница ги покажува своите заби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте така.

Да одиме по амандманот. Сигурно има поединечни проблеми поединечни села, населби, за што со Законот за локалната самоуправа ќе се расправаат и расчистуваат не може секое прашање поединечно да се расправа со Уставот.

Ако никој не бара збор понатаму, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот на ПДП -НДП нека крене рака?( 22 пратеници се за)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

(реакции од страна на пратениците од ПДП и НДП)

Молам да се прифати демократското одлучување. немаме на друг начин како да одлучуваме по амандманите за вака чувствителни прашања освен низ гласање.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 и 3 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници со поднесениот амандман што е делумно уважен а се однесува на начинот на службената употреба на македонскиот јазик, што е прифатено, останува како неприфатен делот за двата става, ставот 2 и ставот 3.

Ставот 3 зборува за правото на употреба, службена употреба на јазикот, покрај македонскиот јазик и јазиците на националностите, што веќе како термин го усвоивме во преамбулата и нормално е дека веќе треба така на одреден начин да го употребуваме.

Нема никаков проблем во. однос на ставот 2.

Се јавува тука веднаш ставот 3 каде што се употребуваат зборовите "значителен број", место мнозинство што на одреден начин создава услови за едно недоразбирање што во практиката ќе може да настане.

Нашиот амандман во основа се сведува на бришењето на овие два става бидејќи поаѓаме од фактот дека ваквите термини се наметнати и од Хашката конференција, што сметаме дека е сеуште неусвоено, па поради тоа вметнување на такви одредби во еден устав во една република е многу, многу преурането и нема место во овој документ.

Ова е нашето образложение зошто се залагаме за бришење на ставовите на 2 и 3 во членот 7 а новото решение не го нуди со бришење на овие два става туку новото решение го нудиме од амандманот што заеднички го поднесовме со пратеникот Драги Арсов.

Во оваа прилика сакам да кажам кога се работи за правото на употреба, говориме сега за право на употреба на јазиците на народностите, тоа е утврдено и во досегашниот Устав на Републиката и ако се сеќавате добро тоа е непроменетиот дел од Уставот од 1974 година. Се зборува за рамноправноста итн. Овој дел дава право за употреба на јазикот во одредени општини и овде беа кажани статути на општини и слично.

И во другите Републики на ниво на Југославија не се употребуваат вакви формулации какви што се дадени кај нас, туку едноставно се употребуваат да речам поупростени формулации што со ништо не завираат во правата што се веќе на одреден начин и признати и се применуваат во општините со мешано население, да го употребам тој збор.

Оттука, остануваме на нашиот амандман за бришење на ставот 2 и ставот 3 од членот 7.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За предлогот за бришење на ставот 2 и 3, што го поднесе ВМРО-ДПМНЕ се придружувам од следните причини:

Јас се обидов да говорам што значи на една територија воведе еден јазик. Кога говорам за овој амандман значи се определувам дека во Македонија, како држава, треба да остане во службена употреба, како државен јазик македонскиот јазик и неговото кирилично писмо токму поради спласнување на овие меѓунационални недоразбирања

Никој никому не може да забрани да го употребува својот јазик како граѓанин. Основна е работа да се прави разлика помеѓу употреба и државниот јазик. Ние, кога би имале еден државен јазик што ќе го почитуваат сите граѓани на државата тогаш навистина ќе сме и една заедница. Националните малцинства или националностите, како сега ги употребува Предлогот на уставот во преамбулата да ги заштитуваат своите културни блага, јазикот и друго, тие ќе имаат право да го употребуваат својот јазик. Ќе имаат право на говор, ќе имаат право на емисии, пишување на книги на својот јазик, се што доликува на еден човек. Меѓутоа, државноста треба да се разликува.

Еве еден прост пример. Господа, треба ли јас сега да се обратам, да барам посебен јазик, не велам друго, затоа што јазикот што е македонски како дијалект, кумановскиот дијалект навистина се разликува од другите. Дали сега треба да правиме... (реакции од страна на пратениците на ПДП и НДП).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оставете го човекот да каже.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие имате право на реакција.

Сакам само да бидам практичен, што значи да има еден државен јазик. Значи се надминуваат и наречјата и се друго што е врзано за државниот јазик, останува само државниот јазик како државен на државата а не на народ. И, ако го надминеме овој она што дојде во став 1 кога рековме дека нема да се обраќа чија е држава и што е, остануваме на ова дека ќе имаме еден државен јазик како што ќе имаме знаме, грб и химна, така нека биде и ова обележје. Јас затоа говорам од принцип а не од омаловажување на некого.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно кратко појаснување.

Државен јазик во смисла како вели господинот Стојановски е службениот македонски јазик кој се однесува на целата Република. А, Републиката е држава. Има локални единици и таму во службена употреба е јазикот на националностите, но локалните единици не се држава. Тоа е таа разлика. Инаку, ве молам во Уставот е тоа се добро напишано.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Двајца предлагачи на овој амандман не успеава со сила на аргументи да достават докази дека членовите дадени во претходниот текст треба да се менуваат, заправо дека нивниот амандман треба да се прифати.

Кога би се нашле некаде и сега веќе вон Јужна Родезија, во некоја новооткриена земја, такво нешто би било прифатливо. На сите да ни биде јасно во македонскиот јазик нема кумановски дијалект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте ниту пак има кумановска националност. Употребата на јазикот, како што гледате, во Уставот е врзана за националност.

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака (35 пратеници се за)

35 пратеници гласаа за овој амандман и констатирам дека амандманот не е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот поднесен на член 7 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Молам, кој бара збор?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас прв пат морам да признам дека се согласувам со пратениците на ПДП и НДП. Ако се исфрли зборот "Македонија" од нашиот Устав тој може многу успешно да се примени не во Африка, туку било каде во светот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Триесет и четири пратеници гласаа. Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам, кој бара збор?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Навистина нема смисла и нема никаква цел да се расправа, односно да се дава широка елаборација на прашањето за службената употреба на јазикот на националностите, на албанскиот јазик за кој имаше и предлози и амандмани од страна на пратеничката група.

Амандманот што е поднесен од мене инсистираа на зближување на двата става на Предлогот на уставот. Поаѓам од некоја квантификација која може да биде проблематична во идно време, бидејќи тој однос може да се менува, меѓутоа суштински е содржано и во амандманот на Пратеничката група, а прави обид да ги елиминира зборовите "мнозинство" и "значителен број" со кои практично сите националности, независно дали се работи за Албанците се донесуваат во нерамноправна положба во врска со употребата на јазикот во јавната комуникација и во службената комуникација. Според тоа сметам дека мајчиниот јазик е основа за интеграција и развој на културата, на образованието, на еден народ и е основа за цивилизација на живеењето. Затоа аполитички е да се разликуваат Албанците или националностите според степенот на применливоста на својот јазик. Се залагам за јазична политика во Македонија која мора да се води. До сега не сум слушнал, барем од нашите пратеници некој да инсистира да го исфрла зборот "Македонија", дури со голема радост, одлучност и системност е употребуван зборот Македонија, бидејќи во Македонија живее. Само да цитирам една мисла на Константин Миладинов кој вели: "Секој народ може само на својот јазик побрзо да се просвети". Поаѓајќи од оваа мисла се надевам дека и пратениците ќе наидат на разбираше, ќе покажат таков степен на разбирање да навистина употребата на јазикот на националностите односно на албанскиот јазик да се реши со Устав, а потоа да се донесува закон.

Лично не ги поддржувам ставовите 2 и 3 во кои Албанците се разликуваат според степенот на употребата на јазикот. Тоа значи дека еден Албанец во Тетово ќе има поинаков степен на употреба, а еден во Кичево, Струга или Куманово ќе има сосема поинаков третман во користењето на јазикот. Според тоа, не инсистирам на гласањето на мојот амандман

бидејќи истиот е содржан и во Пратеничката група само со една квантификација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако господинот Мурати не инсистира, тогаш не го даваме во постапка.

Отворам претрес по амандманот поднесен на член 7 од пратеникот Ферид Садику.

Го повлекува амандманот.

Значи, го повлекува предлагачот и нема да водиме претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 21 пратеник. Констатирам дека тој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Дами и господа, ќе дадам едно дополнително образложение за амандманот што го поднесов за член 7.

Ако се гради Устав врз основа на дневно политичките, партиските и моментните состојби на силите во Република Македонија, сметам дека ќе се создаде паралелна употреба на службен јазик, паралелна власт и ќе се створи рак- рана во државното ткиво кое ќе придонесе во најскоро време да

се урне македонската држава. Ова го велам од следните причини.

Со новиот Устав се овозможува во единиците на локалната самоуправа, во кои живеат национални малцинства во службена употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо да биде и јазикот и писмото на малцинствата. На овој начин ќе имаме отстапување од постојната меѓународна регулатива и меѓународните стандарди за правата на малцинствата каде е инкорпорирано и прашањето за статусот на јазикот на малцинствата. Со ова во новиот Устав внесуваме двојазичнот во локалната самоуправа каде што живеат националните малцинства и јазикот на малцинствата станува втор службен јазик покрај македонскиот. Според тоа, во службена употреба во Република Македонија би бил покрај македонскиот и албанскиот, турскиот и други јазици. Во тој случај ќе имаме постепено исклучување на македонскиот јазик како службен и доминација и пренагласување на јазикот на малцинствата како службен јазик на територијата на Република Македонија каде што живеат припадници на малцинствата. Бидејќи македонскиот народ на овие територии не го владее јазикот на малцинствата, а ќе се бара вработување на кадри кои поради македонскиот мора да го знаат и јазикот на малцинствата, тој ќе биде обесправен и запоставен и постепено ќе исчезне.

Во пограничните територии на Република Македонија ќе се створат етнички чисти заедници кои ќе тежнеат кон отцепување.

Воведувањето на двојазичност ќе има свои негативни реперкусии и од аспектот на рационалност и економичност. Тоа ќе повлече печатење на нови обрасци, записници, книги и други учебни помагала кои повлекуваат нови материјални средства. Со новиот Устав на овој начин националното малцинство го подигаме на ниво на народ утврдувајќи го во Уставот

неговиот службен јазик и непризнавањето на македонскиот јазик како единствен службен јазик на територијата на Република Македонија. Сето ова има за цел преку јазикот како еден од конститутивните елементи при градењето на државата да се дојде до поделба и рамноправно учество на националните малцинства како колективитет во суверенитетот на Република Македонија

Би завршил со една библиска приказна бидејќи ретко од кои земји Македонија се споменува во Библијата. Би завршил со древната приказна со градбата на вавилонската кула и пропаста на древниот Вавилон. Кога Вавилонците решиле да изградат кула толку висока што ќе стигнат до господа, господ ги казнил на тој начин што уфрлил меѓу градителите многу јазици. Кога уфрлил многу јазици градителите не можеле веќе да се разберат, почнале кавги и кулата вавилонска била срушена, древниот Вавилон пропаднал. Како поука драги пратеници оставам на вашата совест, размислете и гласајте.

(Едно објаснување дали може).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте објаснувања ве молам. Молам кажете за амандманот на членот 7.

Дали некој бара збор во врска со амандманот. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот на господинот Кирил Ковачевски го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 38 пратеника. Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен на член 7 од пратеникот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Ценам дека во Парламентот не е обезбедено минимум гаранција за одлучување по содржините кои имаат поткрепа и законски и се поблиски до вистината и до правдата, туку определбата е однапред во партиски рамки. Во овој случај овој амандман би минал единствено да се брише тоа што е Алиу. Заправо, со какво однесување за мене лично не ми причинува никаква чест амандманот дури и да се прифати, но јас сакам да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор, Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 22 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници. Сакам да кажам дека овој амандман произлезе од јавната расправа која беше водена по Предлог- текстот на Уставот на Република Македонија во Струмица. Бидејќи до сега воопшто не чу некое посебно образложение од јавната расправа, а таа јавна расправа имаше посебно место во нашата расправа по Предлогот на текстот на Уставот, сакам да го пренесам тоа мислење кое се однесува на член 7. Предлогот е членот 1 да се менува и да гласи: "Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо".

Ставовите 2 и 3 на член 7 стануваат член 8, а броевите на другите членови што следуваат се померуваат за една единица.

Образложението е следното. Службениот јазик на државата треба да биде издвоен во посебен член со што се избегнуваат нејаснотиите и недоразбирањата и појасен станува идентитетот на државата во која слободно и рамноправно можат да живеат и да се употребуваат и други јазици, но службен е еден и тој посебно треба да биде назначен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, амандманот на господинот Младенов го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот на господинот Младенов гласаа 22 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Комисијата за општествено- политички систем.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 30 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратениците Драги Арсов и Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Овој амандман е поднесен во контекст на амандманот што го

поднесе Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и се однесува на следното.

Првиот дел од членот 7 мислам дека е прифатено и начинот на службената употреба на македонскиот јазик се уредува со закон, така да тој дел отпаѓа од нашиот предлог.

По ставот 1 додаваме нов став кој гласи, заради ова што рече господинот Киро Поповски, за да се има претстава што се работи овде. Во првиот текст на Уставната комисија беше дадено правото на употреба на јазикот на националностите во духот како тоа беше досега регулирано. Оттука и во таа смисла се употреби зборот "во органите, во единиците на локалната самоуправа" а тоа всушност се општините. Бидејќи ние предлагаме да се брише ставот 2 и 3 со овој наш предлог фактички се обезбедува она што досега имаше и беше утврдено како право за националностите. Ние предлагаме понатаму во нашиот амандман да се додадат уште два нови става, кои гласат:

"Македонскиот јазик и неговото кирилично писмо е службен јазик на сите службени акти на државата". Во што е суштината на овој предлог. Суштината на овој предлог е во тоа што веќе општината не претставува власт бидејќи државата и власта се концентрирани на ниво на Републиката. Во локалната самоуправа останува само она што се прашања од локално значење додека се она што претставува држава е надлежност и функција на Републиката поради тоа и сите службени акти се на јазикот кој што е утврден како службен на ниво на државата.

Понатаму, предлагаме нов став кој што е во контекст на овој во смисла дека ако граѓанин,државјанин на Републиката не го познава јазикот да му се обезбеди преведувач што сето земено заедно воопшто не задира во правата на употребата на јазикот на националностите што се обезбедува во ставот 2 што е во нашиот предлог на амандманот.

Вакви решенија мислам дека постојат во светот и ни беа сугерирани од некои еминентни стручњаци дека со нив и на овој начин се надминуваат бројни недоразбирања кои што ќе бидат присутни во нашата Република.

Сакам да укажам уште на еден момент, а тоа е дека во врска со гласањето во целост на членот 7 што ќе уследи може да дојде до блокада и на неприфаќањето на членот 7 во целост. Оттука ги повикувам пратениците пред да одлучат за овој амандман сепак добро да се размисли, да не останеме без член 7 утврден во Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Го заклучувам претресот на амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот да крене рака.

За амандманот гласаа 3 3 пратеника. Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Нека господинот Ештреф Алиу, кој го ценам, не го секира тоа дека неговиот амандман заради тоа што е неговото име нема да биде изгласан од причини што тој можеби ќе биде надгласан еднаш, а јас 132 пати. Меѓутоа сметам дека ова е едно од најзначајните прашања и најосетливите прашања од уставната материја. Од тие причини, бидејќи сите пратеници добија простор и време да го бранат...

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (продолжение)

Е време да го образложам своето објаснам своето размислување и видување, независно дали тој ќе биде прифатливо за мнозинството или не, ја користам таа можност и јас да го образложам амандманот на член 7 кој што го имам поднесено.

Прво, нека експертската група даде објаснување што е службен јазик, а што е јазик во службена употреба. За мене тоа е едно те исто. Заради тоа што и предложениот текст на првобитниот текст на членот 7 вели "во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик, а начинот на службената употреба се уредува со закон". Што значи службен јазик се употребува службено и од тие причини не гледам никаква разлика помеѓу категоријата службен јазик и јазик во службена употреба, единствено ако експертската група има некое посебно објаснување со кое ќе не убеди поинаку. Не правам никаква разлика ни помеѓу тоа што е државна власт и локална самоуправа како што беше од некој овде дадено образложение за да постои убедувањето дека навистина во единиците на локалната самоуправа каде што живеат мнозинството на припадниците на националностите во службена употреба е покрај македонскиот јазик и нивното писмо и јазик, или во став 3 каде што тоа право се употребува и за припадниците на националностите кој што во значителен број живеат во одредени единици во локална самоуправа. И сосема во право е господинот Џеладин Мурати кога вика ако веќе такво право да го утврдиме со уставот тој процент за да не се играме игри отпосле да го утврдуваме со закон тој процент за да повторно кршиме копје дали припадник на едно национално малцинство на територијата на Република Македонија во три различни општини каде што три различни процента од вкупниот број население се присутни навистина во три степени ќе биде во можност да го употребува

својот јазик. Се служам со она што и пратениците од СДС го кажуваа многу пати, дека овој Устав претставува континуитет на државноста на Република Македонија. Ако е така, бидејќи од еден пратеник беше спомнато едно решение на првото заседание на АСНОМ, јас ќе спомнам и едно друго решение во кое што се вика Решение на Антифашистичкото собрание на Народното ослободување на Македонија за заведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава. Член 1, во македонската држава како службен јазик се заведува народниот македонски јазик. Член 2, ова решение влегува веднаш во сила. Во манастирот Свети Отец Прохор Пчински, на Илинден, 2 август 1944 година.

Ако постои некој континуитет тогаш не верувам дека овој Устав треба да претставува дисконтинуитет.

Точно е дека граѓаните кој што ја следат оваа седница го немаат изворниот текст, не го поседуваат текстот на уставот, меѓутоа иако не го поседуваат доволно ќе го почувствуваат во секоја негова запирка и откога ќе почнеме да го применуваме со законските прописи, а ќе мора да го поднесуваат се дотогаш додека не се смени пратеничкиот состав за да се донесе нов устав што изгледа ќе биде неминовност.

Би сакал да поставам едно прашање, дали е вистина, за да не се лажеме едни со други, дали е вистина и покрај тоа што против уставно го изгласавме законот за средното, насоченото и основното образование во училиштата каде наставата се изведува на јазиците на постоечката категорија народностите и покрај употребата на нивниот јазик во службената документација сепак воопшто не се заведува педагошката евиденција на ниту еден јазик со образложение дека тоа мора да биде кога ќе дојде време само на јазикот на народностите, односно се суспендира во целост употребата на македонскиот јазик.

Сметам дека Уставот не треба да создаде никакво право да помеѓу припадниците на различни национални малцинства и етнички групи се воспостави форма на нееднаквост. Ако зборуваме за право на граѓаните и на националните колективитети или националните малцинства и етничките групи тогаш сметам дека никој нема право заради бројот на припадниците само тоа да претставува критериум за прифаќање на заложбите во службена употреба како службен јазик да претставува и јазикот на тоа малцинство. Сметам дека ако на ваков начин се формулира и прават ставовите 2 и 3 верувам дека механичкото разместување на населението на територијата на Републиката и во оние локални единици, единици на локалната самоуправа каде што сега можеби припадниците на одделни малцинства се во малцинство се разместат за да ја достигнат критичната точка според став 3 како што е предложено да достигнат бројка од значителен број за да можат во службена употреба да го употребуваат и нивниот јазик. Можеби е грешка што во Уставот наместо категоријата етнички, религиски јазични, културни и други малцинства оперираме само со категоријата национални малцинства и од тие причини ги спомнуваме само карактеристиките на распознавање и идентитет во смисла на религиски, јазичен, културен идентитет на националните малцинства и сите други останати малцинства се препознаваат само преку категоријата и можат да се препознаат преку категоријата национално малцинство. Можеби затоа е и недоразбирањето во погледот на употребата на јазикот во село Бачишта каде што луѓето кој што зборуваат чисто македонски јазик бараат наставата да се изведува на албански јазик.

Кога понатаму ќе дојде член за религиските, верските права ќе ги спомнам тие образложувања, меѓутоа сметам дека е неопходно сега да се спомне тоа во следнава смисла. Исламската религија во Македонија би

кажал дека е 100% албанизирана. Ако верската поука се изведува на албански јазик кај припадниците на исламската верска заедница, нормално е дека родителите на тие деца кој што почнале од верска поука од предучилишната возраст да ја следат на албански јазик нормално е дека родителите ќе ја задржат определбата тие нивни деца да го продолжат образованието на албански јазик бидејќи берскиот идентитет со овој устав се гарантира само преку националното малцинство, а не и како верско малцинство кое што и како категорија го прифатила и Европа и светот во меѓународните стандарди и критериуми. Државата е должна да се воздржува од било каква политика според сите меѓународни документи кога ќе се стреми кон асимилација на малцинствата или од намерно менување на пропорциите на одредена популација во регионите каде што се населени со малцинства, меѓутоа и малцинствата се должни во иста мерка да не ги менуваат пропорциите во популацијата, во регионите и подрачјата каде што живеат или со механички прилив се населуваат на други места и опасноста на македонскиот народ или припадниците на македонската нација во Македонија е токму од овој аспект што се случува во примената на овој член во практиката за да бидеме отворени со механичкото преместување и населување на албанците во Повеќе краишта на Републиката во повеќе месни заедници, напуштени села каде што преку ноќ стануваат мнозинство за да со механичкиот прилив и со тек на време со популационата политика која што знаеме каква е тоа малцинство да стане мнозинство во таа локална единица на самоуправата и го загрози едноставно дотогаш воспоставениот монопол, така да кажам вулгарно, употребата на службениот македонски јазик.

Припадниците на малцинствата според тие европски критериуми и меѓународни стандарди должни се лојално да ги извршуваат должностите

кој во Уставот и законите се утврдени како должности на сите граѓани без разлика на националната или друга припадност или определба. Меѓутоа државата е должна да ги преземе и сите мерки на заштита од било каква дискриминација по било кој основ, па и по основ на јазикот на сите оние граѓани во оние региони и подрачја каде припадниците на малцинствата претставуваат малцинство.

И уште едно ми се чини доста важно правило кое што го утврдила меѓународната заедница, во користењето на своите права припадниците на било кое малцинство должни се да ги почитуваат правата како 'на македонската нација бидејќи е во мнозинство, додека е мнозинство така и правата на припадниците на сите останати малцинства во Републиката, бидејќи ние во Република Македонија имаме над 20 национални етнички групи и национални малцинства и сметам дека не е никакво право ако се збори за еднаквост за правата и слободите пред уставот да одделни национални малцинства се доведуваат во поповолна положба за разлика од останатите кој што можеби ниту имале услови, ниту можности ни политички ни историски да го концентрираат својата популација на едно место за да го остварат ова право кое што го предвидува став 2 и 3 на членот 7. Од тие причини не од причини некој да го деградира некого за мене е сосема оправдано и прифатливо и тука ми се чини никој на никого не го поставува тоа прашање да јазиците и писмата макар и на сите нас и од целиот свет да бидат и се во јавна употреба во Републикава. Кој на каков јазик сака да комуницира, да го употребува во јавна употреба да биде дозволено меѓутоа во службена употреба мора да биде само македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Од тие причини го предлагам амандманот на членот 7 кој треба да гласи дека "во Република Македонија службен јазик и во службена употреба е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо".

И согласно член 127 барам поименично гласање.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани пратеници, покрај тоа што не се согласувам со изнесеното од пратеникот Петров зашто очигледно тој карикира со меѓународните акти зашто таму никаде не стои дека малцинствата во одредени региони не можат да се преместуваат, да се движат, да се умножуваат итн., такви одредби нема, и покрај тоа што низа други факти кој што овде се обидуваше да ги прикаже во вистинската смисла на зборот факти, и со оглед на тоа дека македонската јавност навистина не ги знае некои работи во детали, должен сум една невистина да нестане вистина, а тоа е причината околу начинот на изведувањето на верската поука во исламската веросиповест. Единствената верска образовна институција во Македонија тоа е Иса-бег медреса та во село Кондово, Скопје, каде верската настава се изведува рамно правно на три јазика и тоа македонски, албански и турски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. (Тодор Петров инсистира на поединечно гласаше)

Инсистираш на поединечно гласање. Верувам ќе се најдат 10 пратеници да го поддржат.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:** (прилог)

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ХАМИД АЛИУ | против |
| 4. ЕШРЕФ АЛИ.ЈИ | против |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 8. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | за |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | не е тука |
| 16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ | против |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ПЕТАР ГОШЕВ | против |
| 19. ТУШЕ ГОШЕВ | против |
| 20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 22. САНДЕ ДАВЧЕВ | против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 27. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | воздржан |
| 28. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 29. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 30. ЗУДИ ЕМИНИ | против |
| 31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |
| 32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 33. НАСЕР ЗКБЕРИ | против |
| 34. ВАСИЛ ЗИМЕАКОВ | против |
| 35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | против |
| 39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 41. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 44. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | за |
| 45. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | за |
| 46. ТАШКО КИРОВ | не е тука |
| 47. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 49. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 50. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 52. НИКОЛА КРСТЕСКИ | за |
| 53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 58. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | не е тука |
| 62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | не е тука |
| 65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 66. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |
| 67. НАИФ МУСТАФА | против |
| 68. СИМОН НАУМОВСКИ | против |
| 69. ПАНЧЕ НАСЕВ | воздржан |
| 70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 77. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 78. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | против |
| 80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 81. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | за |
| 86. НЕИМ САЛМАНИ | против |
| 87. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 88. АСЛАН СЕЛМАНИ | против |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 90. АЦО СПИРОСКИ | за |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 97. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |
| 101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 112. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 113. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | против |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 115. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | против |

**СТОЈАН АНДОВ:**

За амандманот на господин Петров гласаа 42 пратеника.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

(пратениците бараат да се објават и гласовите кои гласале против или да се објави вкупниот број на пратеници кои гласале).

Против амандманот гласале 59 пратеници.

Бидејќи има и воздржани гласови, според тоа кворум имаме.

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека најавив, кога треба да гласаме веќе за членот 7 дека е можна и блокада на изгласување, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара пауза од 15 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да го прифатиме предлогот за пауза од 15 минути.

(После паузата ) Да продолжиме со работа.

Ние го завршивме претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор, дали има нешто да се објаснува? (не).

Го заклучувам претресот и текстот на членот 7 го ставам на гласање.

Гласаме за членот каде што се утврдува македонскиот јазик како службен јазик и неговото кирилично писмо.

Молам, кој, е за нека крене рака? (75)

Констатирам дека членот 7 е утврден. (аплауз).

Преминуваме на утврдување на членот 8.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на СПМ, пратеникот Тодор Петров, Комисијата за заштита на човековата околина, Комисијата за градежништво и урбанизам и Комисијата за општествено- политички систем.

Комисијата за Уставни прашања ги прифати амандманите поднесени на член 8 , алинеја 10 поднесени од Комисијата за заштита на човековата околина и од комисијата за градежништво и урбанизам и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1.

Овој амандман сепак е повлечен.

(од место се јавува Стоиле Стојков)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немаме расправа сега. Ќе побарате збор кога ќе имаме расправа, еве тој амандман е повлечен.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Нема врска со тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако нема врска, седете си на место. Вие треба да престанете еднаш да ја реметите работата овде.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас се повикувам на Деловникот. Пред да се гласа јас се повикувам на член 124 од Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас го дадов на гласање членот 7 и тој се изгласа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Прочитајте го Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас Деловникот добро го познавам и Вие кога гласавте Вас ве избројаа.

Еве повелете земете збор, но навистина јас мислев дека Вие кога кревавте рака, гласате за членот, бидејќи јас членот го дадов на гласање. Вие дигнавте рака кога се гласаше.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Да Ви кажам, толку сум револтиран што навистина манипулирате со овој Парламент. И тоа со знаење манипулирате. Конците што се влечеа , се влечат и понатаму. Дигнав рака пред да се гласа и Вие ме видовте. Сакам да се повикам на член 124 од Деловникот. Прочитајте Ве молам што пишува таму. Пред секое гласање секој пратеник има право најдолго пет минути да го образложи своето гласање за или против. Вие тоа право не ми го дозволувате.

Сакав да се изјаснам зошто не гласам за членот 7 кога се утврдуваше. Не гласам затоа што мислам дека со членот 7 образованието во Република Македонија се уништува, а Вие прочитајте го членот нека знаат сите пратеници.

(членот не е за образованието).

За употреба на службениот јазик во Република Македонија. Се извинувам бев револтиран и згрешив. Благодарам на исправката на господинот Киро Поповски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пред да го дадам членот на гласање јас прво реков дали некој бара збор. Никој не побра збор и затоа членот го дадов на гласање, а тој крена рака кога се гласаше и него го избројаа во оние пратеници кои се за. Според тоа, тој не гласал за членот него кревал рака да бара збор, па според тоа тој бил против и да се избрише еден глас таму и да установиме дека тој бил против.

Ве молам, кревајте рака на време, да можам да Ве видам и да знам дали барате збор, или гласате.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од Комисијата за општествено- политички систем.

Молам, кој бара збор?

Еве веќе 11,00 часот е, и сите по малку сме изморени и сите по малку нервозно реагираме. Јас се извинувам ако по малку изгледаше тоа така.

Молам, кој бара збор?

Дали Комисијата го повлече овој амандман? (не).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (1).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1, алинеја 1,3,5,7,10,11 и став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Господинот Петров го повлекува амандманот.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој).

Го заклучувам претресот и Текстот на членот 8 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (92).

Констатирам дека членот 8 е усвоен.

Пратеничката група на РСМ-ЛП и Комисијата за прашања на изборите и именувањата, поднесоа амандман на точка 1 од делот 2. (го повлекуваме).

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на насловот на глава II.

Отворам претрес по амандманот.

Молам, кој бара збор?

(господинот Петров го повлекува амандманот).

<u>Преминуваме на утврдување на членот 9.</u>

Отворам претрес по текстот на член 9.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 9 став 2 , со кој се согласи Комисијата за уставни прашања, а Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на член 9 став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Текстот на членот 9 го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака?87).

Констатирам дека Собранието го утврди членот 9 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

<u>Преминуваме на утврдување на член 10.</u>

Отворам претрес по текстот на член 10.

Амандмани поднесоа Владата на Република Македонија, пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски, ЗПК и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 2 поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

За амандманот на член 10 имам мало образложение.

Во нашето општество има причина да постои смртна казна како во случаите сврзани со тероризам од една страна, а од друга страна тоа е предвидено и во кривичните законодавства во повеќе земји, поразвиени и понапреднати од нашата. Поради тоа нема причина да не постои кај нас. Знаеме дека понапредната земја од нас е Франција и таму постои уште гилотина. во Америка понапредната постои уште електрична столица, во Русија постои уште стрелање, а ние, барем за тие случаеви што се сврзани со тероризам обавезно треба да изгласаме смртна казна.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

За разлика од господинот Ковачевски, стојам на текстот на Предлог-уставот, бидејќи јас очекувам од него се, само не можам да сфатам тоа што го предлага по професија е лекар. Мислам од хумана гледна точка не би требало да се прифати таков предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

За оваа казна една од најстрогите видови поради своето пацифистичко убедување кажувам само едно во корист на тоа да не се воведува оваа казна. Ако убица го сметаме за терорист, ако убица го сметаме заради непресметливост, ако убица го сметаме за осветник, ако убица го сметаме за најниска творевина на човечкиот род, тогаш во кој вид на тие да ја свртиме државата. Животот нема разлика за никого па ни за државата поинаку. Како господа Вие ќе се одлучите за подрачјето на кое живееме, тоа е Ваше право, па ве повикувам на разум. Меѓутоа, моето уверување е да прекинеме со освета.

Ќе кажам два збора што е индивидуална, а што е колективна превенција. Индивидуална превенција е сторителот на дело лично да се поправи. Кај смртните пресуди индивидуалната превенција воопшто не доаѓа предвид, затоа што таа не го поправува туку го уништува човекот. Генералната пак превенција е да се заплашат или да се доведат во ред другите по било кој основ вршат вакви кривични дела. Меѓутоа, и онаму каде што има забрана да се вршат кривични дела и се запретува со смртна казна и таму каде нема оваа казна односно дело се извршува. Затоа Ве повикувам на совест и разум. Друга причина немам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот на господин Ковачевски да крене рака?(15).

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2 поднесен на Владата на Република Македонија и од ЗПК.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (25).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 2 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(8).

Констатирам дека амандманот на член 10 став 2 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Дали пратеникот Тодор Петров , го повлекува амандманот? (да).

Завршивме со претрес по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (никој).

Еве тоа е што го прашам, немојте после да се јавувате откога го ставам на гласање членот.

Дали некој бара збор?(никој).

Според тоа, го заклучувам претресот и текстот на член 10 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (88).

Констатирам дека членот е утврден.

<u>Преминуваме на утврдување на член 11.</u>

Отворам претрес по текстот на член 11.

Амандман поднесе пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 11, став 1 и 2 за внесување нов став по ставот 2 на став 3 и за внесување на два нови става по ставот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(13).

Констатирам дека амандманот на член 11 став 1 и 2 за внесување нов став по ставот 2 , на ставот 3 и за внесување на два нови става по ставот 3, поднесени од пратеникот Тодор Петров, не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?(никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 11 го ставам на гласање.

Кој е за, да крене рака?(90).

Констатирам дека членот 11 е утврден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

90 пратеници гласаа за член 11, па затоа констатирам дека Собранието го утврди текстот на членот 11 на Уставот.

Минуваме на членот 12.

Отворам претрес по текстот на член 12.

Амандмани поднесоа Законодавно правната комисија, Комисијата за општествено политички систем и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања ги прифати ставовите 1, 2, и 3, и 4 и 5 од Амандманот на законодавно правната комисија на член 12 и тие се составен дел на Текстот на Предлогот на уставот на Македонија.

Отворам претрес по ставот 3 на Амандманот поднесен од Законодавно- правната комисија на член 12.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Вкупно 9 пратеници гласаа за овој амандман. Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес поднесен од Комисијата за општествено- политички систем за преформулирање на член 12.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 7 пратеници и според тоа констатирам дека амандманот поднесен од Комисијата за општествено политички систем не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Тодор Петров за внесување на нов став 2 на член 12.

Молам кој бара збор (Никој)

Добивам знак од пратеникот Тодор Петров дека го повлекува овој амандман и нема да расправаме по него.

Завршивме со претресот по амандманите. Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и Текстот на член 12 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

За членот 12 гласаа 93 пратеници.

Според тоа констатирам дека текстот на овој член не е утврден.

Пратеникот Тодор Петров и Комисијата за општествено политички систем поднесоа амандмани за нов член 12-а.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 12-а поднесен од Комисијата за општествено политички систем.

Молам кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака

Четири пратеника гласаа за овој амандман и според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 12-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? Не известувам господин Тодор Петров дека го повлекува амандманот. И по тој амандман не расправаме.

Минуваме не утврдување на Текстот на член 13.

Отворам претрес по текстот на член 13.

Амандман на член 13 став 2 поднесе пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој бара збор?

Бара збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

И според сегашниот член 232 став 5 од постојниот Устав на Република Македонија, како една од правата на лицата незаконито лишени од слобода, притворени, или незаконито осудени, покрај правото на надомест на штета и други права утврдени со закон е формулирано и го има правото на рехабилитација. И од тие причини преземена е формулацијата од постоечкиот устав член 232 став 5 и се предлага со амандманот дека лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконите осуден има право на рехабилитација покрај надомест на штетите и другите права утврдени со закон. Од тие причини предлагам да се прифати овој амандман на постојниот член 13.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јавува господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Институтот рехабилитација е предвиден во две форми законска и судска рехабилитација. Господинот Тодор Петров има право што предлага да се воведе терминот рехабилитација од причина што судската рехабилитација се предвидува во Законот за кривична постпка.

Меѓутоа, кога станува збор за Законска рехабилитација тоа треба да се предвиди и да има гаранција во Уставот за да се примени. Тоа е и оправдувањето.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали уште некој друг бара збор (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

(од место има реакции и нешто зборува пратеникот Љубосав Иванов на што претседателот му вели:)

Повелете предложете господине Љубисав. Не, вие викате нешто ама не може од место одустанувате, благодарам. Немојте ве молам да довикувате од место зошто ништо не се важи од место.

Бидејќи никој не бара збор, молам, кој е за да крене рака? (Пратениците креваат рака).

За амандманот гласаа 34 пратеници. Според тоа констатирам дека амандманот на член 13 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите. Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 14 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За членот 14 гласаа 90 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 13 по предлогот на уставот на РМ.

<u>Минуваме на утврдување на член 14.</u>

Отворам претрес по текстот на член 14.

Амандмани на овој член поднесоа, пратеничката група на Реформските сили Либерална партија и Законодавно- правната комисија.

Пратеничката група на Либералната партија го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот по амандманот на член 14 за внесување на нов став 1 од Законодавно правната комисија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

16 пратеници гласаа за амандманот. Констатирам дека амандманот на член 14 за внесување на нов став 1 поднесен од Законодавно- правната комисија не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 14 го ставам на гласаше.

кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

87 пратеници гласаа за текстот на член 14.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди Текстот на Уставот на РМ.

Поминуваме на утврдување на текстот на член 15.

Отворам претрес по Текстот на член 15.

Амандмани поднесоа: Законодавно правната комисија, Комисија за општествено политички систем и пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот поднесен од Комисијата за општествено политички систем за бришење на член 15.

Молам кој бара збор?. Комисијата го повлекува амандманот и по него не расправаме.

Одиме по натаму.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов став поднесен од Законодавно- правната комисија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

15 пратеници гласаа за овој амандман, па според тоа констатирам дека амандманот поднесен од Законодавно правната комисија на член 15 за внесување на нов став не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор?

Господин Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во постоечкиот устав како една од правата што се гарантирани на граѓаните е покрај правото на жалба против поединечни правни акти поднесени во постапка во прв степен пред суд, е и правото, Уставното право загарантирано на вонредно правно средство против правосилна судска одлука. Од тие причини за да не се врши ограничување на правата со новиот текст на уставот од она што досега беше утврдено како право на граѓаните, преземена е формулацијата од постоечкиот устав и предложено е како право кое што ќе биде загарантирано со Устав да биде и право на вонредно правно средство против правосилна судска одлука. Од тие причини како граѓанско прво се предлага оваа формулација во Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставан на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака.)

За амандманот гласаа 21 пратеник и констатирам дека амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот за амандманите.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и Текстот на член 15 од Уставот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

91 пратеник гласаа за Текстот на член 15 и констатирам дека Собранието го утврди членот 15 од У ставот на Република Македонија

<u>Преминуваме на утврдување на член 16.</u>

Отворам претрес по текстот на член 16.

Амандмани поднесоа пратеничките групи на ВМРО ДПМНЕ и Реформски сили либерална партија, пратеникот Тодор Петров и Комисијата за општествено политички систем.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот на челен 16 став 1 поднесен од Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и К0мисијата за општествено политички систем и тој е составен дел на Текстот на Предлогот на Уставот.

Пратеничката група Реформски сили Либерална партија го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот поднесен од Тодор Петров. На член 16 став 1 и 2.

Молам кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

9 пратеника гласаа за амандманот. Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 16 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака)

82 пратеници гласаа за членот 16.

Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 16 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

<u>Поминуваме на утврдување на член 17.</u>

Отворам претрес по текстот на член 17.

Амандман поднесе Комисијата за општествено политички систем. Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен од Комисијата за општествено политички систем на член 17 став 2 и тој е составен дел на Текстот на предлогот на уставот.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам текстот на член 17 и го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

81 пратеник гласаа за членот 17. Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 17 од Предлогот на Уставот на Република Македонија.

<u>Преминуваме на претрес по член 18.</u>

Отворам претрес по Текстот на член 18.

Амандмани поднесоа пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија и пратеникот Тодор Петров.

Бидејќи амандманот е повлечен од пратеничката група на Социјалистичката партија, отворам претрес по амандманот на член 18 за внесување на нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам да ли некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

12 пратеници гласаа за амандманот. Констатирам дека амандманот на член 18 за внесување на нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по член 18 и текстот на членот 18 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (80)

80 пратеници гласаа за членот 18.

Констатирам дека Собранието го усвои членот 18 на предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 19.

Отворам претрес по текстот на членот 19.

Амандмани поднесоа пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и пратениците Мухамед Халили и Тодор Петров.

Бидејќи оваа пратеничка група ги повлече амандманите останува да расправаме по амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 3 поднесен од пратеникот Мухамед Халили.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (14)

14 пратеници гласаа за амандманот, што значи амандманот не е прифатен.

Амандманот од Тодор Петров е повлечен заедно со сите.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2, 3 и 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (10)

10 пратеници гласаа за овој амандман и констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот бидејќи никој не бара збор и текстот на членот 19 го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака. (69)

69 пратеници гласаа за овој член. Според тоа констатирам дека Собранието го утврди членот 19 на Предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 20.

Отворам претрес по текстот на членот 20.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на Реформските сили Либерална партија, пратеникот Тодор Петров и Комисијата за општествен надзор и претставки.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен на член 20 за внесување на нов став 4 од Пратеничката група на Реформските сили Либерална партија и тој е составен дел на текстот на предлогот на Уставот.

Отворам претрес по амандманот на членот 20 став 3 поднесен од пратеничката група односно тој амандман е повлечен од Реформските сили Либерална партија, Комисијата за општествен надзор и претставки.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (5)

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 2 за внесување нов став поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака. (10)

10 пратеници гласаа за амандманот и констатирам дека амандманот на член 20 став 2 за внесување нов став од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (7)

7 пратеници гласаа за амандманот и констатирам дека амандманот на член 20 став 3 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на членот 20 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (76)

76 пратеници гласаа за овој член и констатирам дека го усвои членот 20 на предлогот на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на член 21.

Отворам претрес по текстот на членот 21.

Амандмани поднесоа Пратеничката група на Реформските сили-Либерална партија и пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен на членот 21 од Пратеничката: група на РСМ-ЛП и тој е составен дел на Предлогот на уставот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој ен бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5)

5 пратеници гласаа за овој амандман и констатирам дека амандманот на член 21 став 1 и 2 од пратеникот Тодор Петров не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на фактот што членот 21 Уставната комисија го утврди во текстот како што е предложен пред утврдувањето на членовите од 123 па натаму во одделот за одбрана на Републиката, воена состојба и вонредна состојба овде изразот коинцидира со изразот со вонредни околности и треба да се замени со вонредна состојба и во таа смисла треба да се редигира последниот став на членот 21 всушност сега само втор став на

член 21 и да гласи дека користењето на ова право може да биде единствено ограничено само во услови на вонредна и воена состојба.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас сметам дека овој член е дефектен. Понудениот амандман од Тодор Петров се сомнева дека воопшто го разгледавте и дали веќе е доста доцна па пратениците не ни гледаат што всушност тука се изгласува. Вака дадена слобода на собир односно на протест за сите граѓани без никаков лимит може лесно да доведе до блокади било на патишта било на некој телекомуникациски објекти или на некои други установи. Затоа се залагам пред да го уточниме овој член или фино да се одмориме или барем да се даде појаснување дека оваа понуда во членот 21 е вистинска демократија а не анархија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ти не предложи ништо.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Начелно, предлагам, мене ми е нејасно како може ваков член воопшто да биде поставен на гласање. Никаков лимит не постои за протести и за собири. Тоа е несфатливо. Утре група граѓани ќе реши да блокира патот до душа за сега државата го блокира Скопје, Македонски Брод, доколку е македонски, а веројатно е јас таму не сум бил не сакам да ставам сомнежи или било кој друг пат да кажеме автопатот, а не мора ниту најава да постои ниту некоја дозвола, мене ми е тука доста матно. Демократијата не е анархија и јас се сомневав исто така дека господата

пратеници воопшто следат што ние сега гласаме. Тоа е тоа и кажав конкретно да прекратиме оти е цол ноќ и ако сакаме држава која ќе биде како што е во членот 1 освен што ќе биде суверена, самостојна и социјална и демократска, а јас мислам дека ноќниот труд во цивилизираниот свет е извикан и ние како законодавно тело нема што во ноќни часови да работиме. Дајте во пристона доба од денот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега како го ставив господинот Бошков тој предлага да не гласаме по овој член како е конципиран, а тој не дава амандман туку предлага да прекинеме. Но, еве господин Крстевски нека објасни.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Јас допуштам дека заради замор не све концентрирани, меѓутоа, ова е исклучително важно демократско начело, тоа е правото на граѓаните на слободно собирање. Инаку, нема да си го објасниме ни вчерашниот ни не знам кој собир што се случуваше пред Собранието, бидејќи сум убеден дека за нив не постои никакво пријавуваше ниту некој изрекол дозволи. Смислата на ова начело и на овој член содржана во членот 21 е правото на граѓаните на мирно собирање. Тоа не се врзува со законот за јавен ред каде што е утврдено што значи прекорачување на тој јавен ред и каде што треба да дејствува правната држава.

Во вториот став на овој член е појдено до тоа само со Устав да се определат условите под кои може да се ограничи правото на граѓаните на мирно собирање и ставени се овие два услови вонредните и воените состојби. Тоа значи дека не може со никаков друг акт да се ограничи

правото на граѓаните на мирно собирање што не значи дека не може да се пропише на кој места не е дозволено да постои јавно собирање. Тоа е прашање на други закони така што не се работи за нешто што е подметнато, туку се работи за едно принципиелно и начелно прашање, а ако е замор во прашање да го одложиме и него да гласаме утре.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не знам кој како се чувствува, јас лично мислам во потполност го прифаќам ова објаснување и по совест гласам и го прифаќам како што е дадено во Уставот. Мора да бидеме демократска земја и да ги дадеме сите слободи што ги има во целиот западен свет и западна демократија и мислам дека треба да продолжиме со работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ве молам да ги исправиме овие исправки што ги даде Наќе Стојановски. Во текстот натаму во другите членови е изменето тоа не вонредни околности, туку вонредна состојба. Тоа е техничка грешка односно редакциска исправка треба да се направи.

Со овие исправки на Наќе Стојановски го започнувам претресот и текстот на членот 21 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Бидејќи сепак сме за демократија, барем така слушнав од господин Пановски и да не го ограничуваме граѓанинот тој да смее кога ќе му текне и

каде ќе му текне да блокира патишта. Тоа се собири. Јас не знам закон за јавне ред и мир демек патиштата ќе подлежат на законот за јавен ред и мир, а собирите нема да подлежат. Луѓето протестираат на патишта и тоа постои. Во ред, тогаш оти сакаме да работиме и ноќе иако цивилизираниот свет го третира ноќниот труд за нехуман, така е господа, јас тука неколку пати слушнав да работиме односно погоните да работат 3 смени и 4 смени, а крај на е на XX век, но сето тоа е во ред имам само една исправка во ставот 2 вели вака: "Користењето на ова право може да биде единствено ограничено само во услови на вонредна и воена состојба" сега и "единствено" и "само" нема потреба да стои. Може да се брише зборчето"единствено". Тоа е еден мал мој прилог за овој и онака дефектен член за кој нема да гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, не е лош овој предлог "единствено" да се брише.

Дали ова да го сфатиме како амандман или редакциска исправка. Ако е редакциска исправка не е амандман. Ако е амандман молам кој е за амандманот на Бошков молам да крене рака. (67)

Значи 67 гласаа за ова што го предложи Бошков.

Констатирам дека овој амандман што е даден овде и како е од редакциска природа е усвоен.

Бидејќи никој понатаму не бара збор го заклучувам претресот и текстот на член 21 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (77)

77 пратеници гласаа за овој член и констатирам дека Собранието го утврди членот 21 на Предлогот на уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на членот 22.

Отворам претрес на членот 22.

Амандман поднесе Комисијата за труд и социјална политика, а Комисијата за уставни прашања го прифати овој амандман и тој е составен дел на текстот на предлогот на уставот.

Бидејќи нема амандмани, дали некој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Сега е веќе 12 часот. Колегите овде спијат. Предлагам да ја прекинеме седницата и утре да ја продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Китановски од експертската група, кој сака да каже нешто.

**КИТАНОВСКИ:**

Бидејќи овде е прифатено горе "со одземена делумна способност", тогаш нема потреба да стои "под старателство", бидејќи се оптоварува текстот. Инаку, прифатливо е, по прецизно е "со одземена делумна способност". Предлагам да отпадне "под старателство"

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа беше точно така усвоено но не успеале овде да го внесат. И ова е една редакциска измена.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по текстот на членот 22 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (75)

Констатирам дека членот 22 со измената на господин Китановски е прифатен со 75 гласови.

<u>Преминуваме на утврдување на член 23.</u>

Отворам претрес по текстот на член 23.

Амандмани поднесоа пратеничката група на РС ЛП, пратеникот Тодор Петров и Комисијата за општествено политички систем.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 23 поднесе од Комисијата за општествено политички систем.

Информиран сум дека Комисијата го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека предложениот член 23 е обична демагогија и ограничување на правото на граѓаните во поглед на достапноста на јавните функции во Републикава. Тоа го нарушува принципот на еднаквоста на граѓаните пред уставот и законите заради тоа што и формулацијата како што е дадена не соодветствува на правото на достапност на секоја јавна функција на граѓанинот.

Во постојниот член 210, став 3 од Уставот на Република Македонија многу фина формулација има дадено. Таа гласи, а тоа е и суштината на амандманот. "На секој граѓанин под еднакви услови му е достапна секоја јавна функција на државата".

На ваков начин како што е формулиран предлогот на членот 23, во предлогот на уставот има една нелогика. Ако е некој е избран на функцијата пратеник во Републичкиот парламент, не може граѓанинот да учествува во вршењето на таа функција затоа што си има конкретен носител кој ќе ја врши.

Така што за мене сосема нелогично е преформулирано ова право кое фактички е неправо како што е формулирано од тоа што во постојниот устав како право на граѓанинот е дадено. Од тие причини предлагам членот 23 да гласи :

"На секој граѓанин под еднакви услови му е достапна секоја јавна функција во државата".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е појасна формулација.

Молам, кој е за амандманот нека крене рака ? (52)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претрес по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 23 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (71)

Констатирам дека со 71 глас за е утврден текстот на членот 23.

Преминуваме на утврдување на член 24.

Отворам претрес по текстот на член 24.

Амандмани поднесоа пратеникот Тодор Петров, ЗПК, Комисијата за општествено политички систем.

Комисијата за уставни прашања го прифати амандманот поднесен на член 24 став 2 од ЗПК и тој е составен дел на текстот на предлогот на уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот 24 став 1 поднесен од Комисијата за општествено политички систем.

Молам, кој бара збор?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ**

Јас сакам да обрнам внимание, во овој член 24 ние предлагаме да се стави точка после "јавните служби", а да отпадне "и на нив да добие одговор". Тоа од проста причина што на пример Владата или некој друг орган ние ќе го затрупаме на одреден начин ако ставиме уставна одредба да одговара задолжително на секој предлог, на секоја претставка, петиција или не знам што се друго граѓаните ќе праќаат. Тоа да биде некако факултативно. Ова е една одредница на која ќе се повикуваат граѓаните а дефакто државата не може да ја исполни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавте образложението.

Молам, дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (8)

Констатирам дека амандманот не е усвоен бидејќи за амандманот гласале 8 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 24, став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров:

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? /21)

Бидејќи за амандманот 21 пратеник констатирам дека амандманот не е усвоен.

Завршивме со претресот по амандманите.

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Го заклучувам претресот и текстот на член 24 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (77)

Констатирам дека Собранието го утврди членот 24 со 77 гласа за.

Отворам претрес по текстот на член 25.

Молам, кој бара збор.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Овде веќе двајца или тројца пратеници предложија да прекинеме со работ.

Мислам дека е неодговорно да работиме на устав после 14 часа денеска овде седеше под еден извонреден психички напор. И покрај тоа што рековте дека се работи за рутинско преминување на членовите од уставот, јас мислам дека е неодговорно да продолжиме понатаму.

Предлагам Собранието да се произнесе по овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би го молел господинот Јакимовски да дозволи прво да гласаме за членот 25 бидејќи нема ниту еден амандман, а после ќе го ставам овој предлог на изјаснување, дали се прифаќа.

Дали се согласувате така ( се согласуваме)

Отворам претрес по членот 25.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на член 25 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (80)

Констатирам дека членот 25 го утврди Собранието бидејќи за него гласаа 80 пратеници.

Имаше повеќе предлози, разни беа реакциите, но господинот Јакимовски сосема јасно предложи овде да се изјасни Собранието дали сега да прекинеме па утре да продолжиме или сега да продолжиме.

Молам, кој е за предлогот на Јакимовски нека крене рака. (54)

Констатирам дека е прифатен предлогот. Ја прекинуваме работата на Собранието, а утре продолжуваме со работа во 10,00 часот.

(Седницата на Собранието прекина во 24, 00 часот) .